**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од првото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 107-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Данило Глигоровски, Гулистана Марковска, Кирил Андовски и Радмила Шеќеринска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Минуваме на втората точка од дневниот ред.

Предлог на закон за дополнување на Законот за внатрешни работи,

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес .

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот Јсе го ставам на гласање кога ќе имаме овде доволен број пратеници.

Минуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог на закон именување и дополнување на Законот за личната карта.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на"Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на .РМ, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратнеици, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во'.РМ.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јасно ми е расположението по изјавите на координаторите на потписнички на договорот, но сепак мислам дека вакви закони не би требало да поминат без да кажеме никаков збор овде во Собранието.

Јас однапред ќе ви се извинам ако некој од вас ова мое излагање го прифати како осуда или вина на некого, чисто сакам да изнесам мое размислување и да цитирам еден од пратениците од СДСМ кој кажа дека треба да се предвидат настаните.

Долго време дискутиравме кога се донесуваа уставните промени, иницијативата за промена на Уставот, .Рамковниот договор, јас лично предочував тогаш што ќе седи по тоа, кој реперкусии ќе ги има државата, меѓутоа , остана така како што беше договорено.

Јас предлагав сите закони да ги гледаме во пакет, да видиме што ќе се случува по уставните промени не само чисто да ги усвоиме и сега да се чудиме што ќе не снајде понатаму.

Да ви кажам лично одушевен сум од албанскиот стратег, имаат идеја, имаат стратегија и полека си ја остваруваат. Видовте вчера како беа комплетни, а нашата стратегија е таква каква што е на моменти да гаснеме пожари кога ќени се случи нешто, а да немаме резервна карта во џеп ниту национална стратегија однапред да ги предвидуваме настаните и да делуваме на нив.

Во рамките на СФРЈ омавме национална држава и дел од суверенитетот го имавме префрлено, одбраната, надворешни работи на Федерацијата, се издвоивме од СФРЈ со мисла, со убедување на нашите тогашни раководители дека ќе имаме национална држава, самостојна, самоуверена. Меѓутоа, ни се случи она што ни се случи, сега немаме национална држава туку држава од два народа за што никој не не праша **и** дел од суверенитетот го даваме на одбрана на НАТО , надворешни работи на ЕУ , па и во земјата Министерството за правда на албан-скиот фактор и како што гледате вчера за тоа зборував, за недела дена ослободија 380 албанци кои беа амнестирани со Законот за ам-нестија, а ние неможеме 8 кои уште лежат во затвори, но тие се добро организирани и кај нив наредбата е наредба, ние сега ќе чекаме ургенции, па Законодавна комисија, па судови, и ќе се заборави.

Не издвоија од браќата што ги имаме на балканот,бевме против балканизмот да

бидеме европски народ . Уште како деца се сеќавам не смееше никој од пред 50 години па наваму не да ги навреди албанците , туку нешто да каже, веднаш се повикуваа на националните права веднаш бевме обвинувани дека србите не водат и ние како искомплекси-ран мал народ за да докажеме дека србите не не водат се што се бараше од нас.

После тоа што имавме? Не дај боже некој од нас да каже за Грците, за Бугарите, за Србите, веднаш ќе бидеме националисти, албанците си имаат браќа, браќата нивни доаѓаат тука, па во Александар Палас ни кажуваат што треба ние да правиме, тука имаме албанци кои ги штитат правата на Косово, кои ни кажуваат уште од сега дека Косово е самостојна држава овде од говорница и од сето тоа нормално е да се дојде до еден одреден заклучок дека стратегијата на албанскиот стратег е долгорочна од пред 100 години, само генерации се менуваат , јас зборував за тоа кога ја разгледувавме ини-цијативата за уставните промени, дозволете ми да бидам параноичен, но овие случувања во последните 10 години наназад ми даваат за право дека е така како што ви велам.

Сегашната стратегија моментално е позната и се гледа. Имаме елементи на државотворност односно квази конфедерација, во државата немаме парламентарна демократија, имаме на мала врата федерација, имаме на мала врата претседателски систем со советници кои овде кажавме дека се криминалци (му упаѓаат од место).

Знаете што , кога зборував за уставните промени и кога кажав дека со ова ќе се измени грбот, знамето, химната исто така ми дофрлувавте од место од левата страна, но ќе разговараме за тоа кога ќе дојде време.

(реакција од страна на пратениците дека не зборува на темата)

Морам да дадам вовед за да дојдам до точката. Еве сега доаѓам. Јас знам дека ви пречи затоа што сте се договориле да гласате, но послушајте малку, бидете фер. (претседателот ги опоменува да бидат мирни)

Се определивме за граѓанска опција, но граѓанска опција немаме еве како пример ќе ве прашам и вас албанците дали албанец од Тетово ги има истите право како оној во Струмица? Ги нема. Значи, не се бориме за граѓанска опција, туку се бориме за една опција албанците да ги имаат правата во еден дел во државата.

Бидејќи ви е досадно, за елемнтите на квазикофедерација тоа е еден елемент од овој закон. Да не е така , ако не е така имаме многу елегантни решенија и за личната карта и за патните исправи каде нема потреба да го оптоварување образецот кој е толку мал што нема да може да се прочита она што ние ќе го напишеме таму,што ни е желба на сите во Македонија. Ако беше така г-да, новчаницата на еврото ќе беа како текст на библија, а сега нашата лична карта ќе биде како текст на библијата и сега да одиме постапно прво, сега како да го менуваме законот за јазици, не е закон за лични карти, туку за јазици е, за јазици може да помине, а потоа кога *ќе* ни дојде законот за лично карти ќе речеме поминат е ќе речете што сакате вие.

Г-да , да не ми дофрлате од страна, туку да бидете внимателни затоа што целиот ум во Македонија не е собран во СДСМ во правниците претставени од електроинжинери.

Јас ќе разговарам по амандманската расправа за личната карта, меѓутоа, сакам да ви кажам да размислите малку подобро да не дојдеме во ситуација по четири пет години или порано да немаме резервна карта или како што кажа мојот почитуван колега Поповски можеби треба да размислуваме и за померување на некои граници за да направиме рамнотежа.

Ќе се јавам по однос на амандманската расправа.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам една работа се личните впечатоци, друга работа е обврската кога ќе земеме: збор да кажуваме само работи ако се запишани во Уставот само така како што се запишани во Уставот. :.РМ не е држава на два народа, .РМ е држава на граѓаните кои припа-ѓаат на македонскиот народ и на делови од албанскиот народ, од турскиот народ и српскиот народ, од ромскиот народ, од бошњачкиот народ и влашкиот народ.

Според тоа, така стои во Уставот и за пратениците е обврска така да настапуваат, да не измислуваат и да не конструираат, така можат надвор, а во јавните настапи овде во Собранието Уставот треба да ни биде обврска на сите нас.

За збор се јави г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Навистина е кратко времето да се подготвиме добро, јас имам многу малку време да се подготвам за денешната седница и затоа се извинувам на граѓаните ако направам некој пропуст.

Оваа седница е доста заначјан, бидејќи се работи за Предлог закон за лична карта. Јас не ги обвинувам албанците кои бараат, јас ги обвинувам македонците кои даваат. Желбата и стремежот за своја унитарна самостојна македонска држава е присутна кај многу генерации почнувајќи од безбројните востанија за време на турското ропство Крушевската .Република, Втората светска војна, па се до 1990 година кога почна распаѓањето на бивша Југославија. Кога требаше најмногу да се радуваме по осамостојувањето на РМ и добивањето на своја унитарна држава со свој суверенитет, за жал, почнаа над Македонија да надвиснуваат црни и темни облаци.

Со одењето на власт на државници без визија, без државнички и партиски чувства, неспособни и полтронски настроени, досегашните влади не знаеја друго освен да вршат постојани отстапки и да се впуштаат во разно разни криминални и корупциски активности. Поради таквиот однос следува 13 август 2001 година, кога го потпишаа најсрамниот и крајно понижувачки договор на штета на .РМ. И на македон-скиот народ за откажување од унитарниот карактер на државата и при-фаќање на двонационална држава.

Оваа бесконечна попусливост не е само политички план, туку и тотално ја разурна и онака лошата економија во државата како резултат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само една напомена. Во Уставот како пишува така треба да зборувате, не е двонационална држава, ве молам само да ви кажам немојте да ја промовирате државата во двонационална. Што сте запнале кога не е така. Во Уставот сосема јасно пишува, вие вршите промоција на нешто што не е така. Секој ќе се запраша што ви треба таа промоција, која ви е целта и затоа сум овде да ви укажам како пишува во Уставот , ако не сте сигурни не сте го прочитале тоа. Држете се до тоа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Го прочитав многу добро и одговорот го знам.

Двојазичноста во личните исправи за оваа бедна и сиромашна земја сега треба да и донесе нови обврски поточно треба да даде 430 милиони денари, зошто ? За да се сменат личните карти и на кои лични карти треба да стои албанско писмо и јазик. Навистина е премногу за една толку сиромашка земја. Можеби во иднина кога би имале економски и други услови и кога би имале поголема лојалност, јас не сум за било какви промени, ако е во интерес задржување или во интерес на влегување во ЕУ, ако тоа навистина го бара. Од нив барам само лојалност. Личнатакарта служи како јавна исрпава која се докажува иднетитетот, државјанството и местото на живеење на граѓанинот на :.РМ, како и нејзиниот издавач. Внесувањето на албански јазик и писмо во јавните исправи ќе значи прекршување и негирање на меѓународните стандарди, бидејќи меѓународните стандарди се јасни, што може да стои и кои права ги поседува едно малцинство. Со тоа се потврдува дека Македонија е на патот кон конфедерација. Секој граганин може да комуницира со министерството на еден од службените јазици и неговото писмо, а министерството одговара на службен јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Токму тоа со Рамковниот договор е побарано, потврдено и дадено.

Според овој предлог сите други малцински јазици можат да бидат дискриминирани затоа што не се вклопуваат во наведените проценти. Што значи тоа? Тоа значи дека другите мацинства се обесправени и дека ние не сме граѓанска држава, токму она што го пишува во Уставот, а ние се декларираме дека во Уставот сме граѓанска држава. Ако сме граѓанска држава тогаш сите граѓани во Македонија треба да ги уживаат истите права. Бидејќи сите не ги уживаат истите права, токму тоа го тврдам и аномалијата дека Уставот не се почитува. Ако се почитуваше требаше и другите малцинства да ги уживаат истите права што ги ужива албанското малцинство.

До колку се прифати ваквото решение ,РМ би била единствена држава со ваков модел употреба на јазиците на малциндтвата, како што не познавам Организацијата на советот на еворпа. Тоа значи дека би биле надвор од меѓународните критериуми и стандарди за нормални држави.

Поради непочитувањето на меѓународните стандарди на малцински права ги прашувам г-дата потписници што ќе биде ако помалубројното малцинство ги побара истите права што ги поседуваат македонските граѓани со албанско потекло, на пример Србите, Власите, Бошњаците и др. Ако не им ги дадеме , тоа ќе значи кршеше на основните човекови права. Токму со Рамковниот договор се прекршени основните човекови права и токму со овој

закон и со овие отстапки се прекршува унитарниот карактер на државата односно се менува Уставот и недослендоста на Уставот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**:(Продолжение)

Дали сме граѓанска држава и дали граѓаните ги уживаат истите права. Со ова можам да потврдам дека веќе не сме граѓанска држава и не ги уживаат сите граѓани истите права.

Второ прашање, дали меѓународните малцински права се врзуваат за процент, бидејќи ние имаме сега случај точно да даваме права според бројот на процентите односно бројот на малцинствата кои живеат во оваа наша држава. И колку е помалубројно малцинството, толку правата ќе бидат помали или обратно. Каде го има тоа господо, во која граѓанска држава постои можност бројот на малцинствата да дава права околу јазикот или писменоста. Не, токму тоа е присутно во нашата граѓанска држава која е единствена во светот. Зошто да бидеме единствени кога имаме критериуми и пишани правила на игра. Зошто не се придржуваме до нив и до отстапките?

Според логиката на овој Рамковен договор и отстапките што се вршат, малцинствата кои се застапени со еден или два проценти, сакам да бидам убедлив, ќе дадам и пример: Малцинските права би биле минимални, како и што се, дури ни дома не би имале право да збору-ваат на мајчин јазик. Таков впечаток може да се добие. Не, господа македонски пратеници со албанско потекло,и другите малцинства ќе треба да ги уживаат истите права како и вие што ги уживате. Тогаш можеме да бидеме граганска држава и сите малцинства ќе ги имаат истите права. Право на комуницираше на мајчин јазик со државните органи треба да се свати како лично право на секој граѓанин, а не право на некои гра-ѓани да се ограничуваат со проценти. Во овој случај, малцинствата кои се помалубројни ќе немаат право тоа право да го уживаат да се обраќаат на својот мајчин јазик. ке наведам и пример. Земји каде што бројот на малцинствата во проценти е над 35%, а тоа е Естонија, Летонија, над 40%, наведените земји имаат многу дадено, тие имаат дадено многу помали права на нивните малцинства отколку ние што им ги дадовме како македонци на албанците. И покрај тоа, пак имаме нелојалност. Во САД има над 45 милиони шпанци и не се осмелуваат да побараат двојазичност, за разлика од вас, тие се чувствуваат господо албанци многу поголеми американци отколку вие што се чуствувате македонци, а тоа до сега безброј пати е повторено и потврдено.

Барањето албанскиот јазик да се официјализира како втор јазик всушнот води кон иста цел, само по друг пат, до федерализација на Македонија. Толку е наивно и провидно дека со официјализирашето на албанскиот јазик, автоматски албанското малцинство ќе се промовира во народ. На тој начин сакаат Македонија да стане двонационална и двојазична држава, а потоа се друго е лесно. Не би рекол дека е така лесно, но барем така се замислува. Повеќе од сигурно е дека Македонија како конфедерација не би можела да опстане долго. Мора јасно и недвосмислено да се каже дека во Македонија има само еден официјален јазик и еден народ и одреден број на малцинства, како што се, еве по број да одиме, бројот на албанци, турци, роми, срби, бошњаци и други малцинства. Сите тие заедно со македонците може среќно да живеат само ако ги почитуваат државните закони и меѓународните критериуми и малцинските права кои важат во цел свет, освен во Македонија. Во спротивно, овој дел на Балканот никогаш нема да има мир и среќа.

За крај, ќе ја цитирам д-р Марија Коробар-Белчева:"Воведувањето двојазичност во Македонија води кон распаѓање на Македонија".

Господо потписници на Рамковниот договор, извршивте национално предавство од највисок степен, откажувајќи се од најсветото нешто што Македонија го има, а тоа е Македонската нација. Покрај тоа, кај мене постои недоверба како ќе влеземе во светската заедница на нациите кога немаме своја нација. Не е проблемот на албанското малцинство што бара распарчување на Македонија, туку проблемот е во македонските политичари кои дозволуваат Република Македонија да се распарчува поради нивната голема алчност и голема себичност што ја покажуваат спрема македонската држава и македонските граѓани, поради нивната голема алчност. И незнам дали таа некогаш има крај, алчноста изгледа е поненаситна и од окото.

Нашите големи македонски политичари, под наводници големи, се воспитувани во духот без идеали, без визија за иднината на државата и без државно чувство. Поради сето тоа, за измените во овие десет години не изградивме своја македонска национална програма, која програма ќе се темели на одредени законитости и принципи, каде што ќе се знае кои отстапки може и до каде може да оди, за да не се загрози државноста.

Затоа предлагам, онаа Влада која после овие избори ќе дојде, најпрво што треба да направи, треба да направи национална програма, со која програма веќе еднаш ќе се реши...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не збруваме за програмите на владите господине Симев, за законот зборуваме. Немојте така, нешто сте напишале за друга точка, а не за оваа точка. Видете книгите да не ви се погрешно оставени тука.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, за оваа точка зборувам.

Бевме сведоци на обвинувањата на пратениците од политичката партија која е на власт дека меѓународната заедница ни е крива за се она негативно што се случи во Македонија, па дури и Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го слушнавме за декларацијата. Ве молам, имате ли нешто да кажете за законот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, ова е дел од Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли нешто да кажете за законот? Ајде кажете за законот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да, имам многу да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде кажете за законот, инаку ќе ве отстранам од говорницата. Не може ист говор по сите точки да се каже, навистина.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Дури можеме да слушнеме дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека биле уценувани, па како беа уценувани, да гласаат за Рамковниот договор, тоа е дел од Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не е тоа, ова е дел од амаднманите на Уставот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па како не? Па тоа е тоа. И со тоа тврдат дека за нив нема ништо свето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Симев, нешто не ви е јасно, вие се сте измешале, ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не измешав, јас точно кажав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за законот кој е сега на дневен ред, ќе ве молам, немојте пак за говори кои друг пат се држеле.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не се држеле друг пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде ве молам зборувајте јасно. Ако можете да зборувате, ако не сте во состојба за тоа да зборувате, седете си на место.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Токму за тоа зборувам и за последиците зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Бидејќи досегашните македонски влади знаеја да прават само отстапки...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама не зборуваме за македонските влади, ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Како да не, како да не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборуваме за законот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па за законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не зборувате вие за законот, туку за македонските влади. Ниедна влада нема овде интерпелација па за неа да зборуваме, ниту прашање на доверба на влада. Вие за законот зборувајте сега.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Токму законот тие отстапки ги носи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде ве молам, зборувајте за законот. Вие држите некои чуден говор како да е на некој митинг, а не во Собрание.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас сакам да кажам за последиците што ги носи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ако знаете што сакате, тоа и кажете го. Сега е на дневен ред овој закон, ништо друго.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Сакам да кажам дека давањето на...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се на ред сите македонски влади и сите македонски политичари дали

имаат визија или не. Тоа не е на дневен ред, ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ве молам, токму давашето на двојазичност на личните карти. **СТОЈАН АНДОВ:**

Во тоа нема двојазичност.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Како нема?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

На кој јазик ќе бидат напишани личните карти?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за тоа, ајде.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па за тоа зборувам. Кажувам за последиците. Како можам да не кажам за последиците? Ви кажав дека тоа многу ќе ја чини Македонија. Сето тоа е вовлекување и губењето на унитарниот карактер на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, во Уставот поинаку пишува.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

И воведување двојазичност во државата. Токму тоа е давање на едно малцинство, зошто не давате на другите малцинства. Зошто се привилегира едно малцинство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа не ви упаднав, тоа го кажавте.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па го кажав, не ме оставате вие да кажам и постојано сакате да ви повторувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама вие зборувате за владите. Немојте, врска нема тоа. За владите се зборува кога ќе поднесете интерпелцијата на влада, прашање на доверба за влада. Тоа е сега еден конкретен закон.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Бидјеќи со вас навистина нама разбирање, ќе ви кажам што не очекува. Морам да кажам што не очекува со двојазичноста и зошто сум против да се дадат на двојазичност, да не бидат. Затоа што постојат безброј аргументи, ќе ги набројам и аргументите да ги слушнете бидејќи ги знаете а не сакате да ги прфатите, меѓу кои ќе ги наведам најбитните:

Прво, албанското малцинство не гласаше за Уставот на Република Македонија, ја напушти седницата кога се свиреше и пееше химната на Македонија, го бојкотираа потписот, го бојкотираа исто така барањето, односно предизвикаа војна и што е најважно, вчерашната седница ја напуштија, кога требаше да се гласа, да се прифати декларацијата со која се оспорува границата на Македонија. Што значи тоа?

Тоа значи дека не се работи за човекови права, дека не се работи формално за двојазичност, бидејќи истата албанска партија прво бараше основно образование во минатото, во поранешна Југославија беше дадено, средно образование и на крај високо образование. Тогаш мислевме дека се заврши со отстапките. И понатаму отстапки има. До кога, прашувам, со отстапките? Дајте вие како прв човек на ова Собрание кажете дали имаат крај отстапките. Ако кажете дека ова е последно, јас прв ќе гласам за двојазичнот на личните карти. Кажете ако е крај, затоа што албанските партии кажаа дека ова не е крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Симев, немам намера, ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ако ми дадете одговор, еве ја напуштам говорницата. А немате намера? Очигледно дека немате намера затоа што имате задни намери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте малку. Немам намера со вас да се објаснувам. **ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па немате, сигурно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само ви велам,кога се расправаше тоа, кога беа расправиите за уставните амандмани, јас многу јасно си кажав се што мислам. Меѓутоа, уставните амаднмани се усвоени. Вие не можете сега да ја враќате расрпавата за уставните амандмани.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не ја враќам. Јас кажав и кога се усвојуваат уставните амаднмани дека ќе дојде до ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И јас кажав, кажавте и вие и јас.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Кажував и високото образование кога беше дека не е цел

високото образование, дека целта е распарчување на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажавте и вие и јас.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ама гледате дојде до она што јас го кажав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборуваме за државни акти.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

А вие што кажувате значи се лажете, невистини кажувате. Погрешно ја водите седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е точно.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па не дозволувате да се искажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие држите едни исти говори.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не дозволувате да го информираме македонското население. Верувајте, секој ден ни се јавуваат граѓани од Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде напуштете ја говорницата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Македонците почнуваат да се организираат. Вие сте виновни што македонците во Западна Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Вие сте виновни што македонците во Западна Македонија, еве, Битола денес се организира, да знаете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде напуштете ја говорницата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе ја напуштам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, на овој начин неможеме да работиме. Јас знам, на секого му е многу важно да падне во очи во јавноста, да го зборуваат по славите и по свадбите, меѓутоа, мора да го чувате достоинството на домот и на државата. И не смееме да одиме надвор од тие рамки, ве молам. Инаку ќе излезе ова не Собрание, туку некој кој знае каков собор уште и зурли и тапани овде и да си порачуваме песни. Немојте така, не се работи така во Собранието. Нема врска таа работа. Тоа не е работа. Ако имаме една точка, треба да расправаме за таа точка. Неможе се од Понтија до Пилата, по секоја точка истите говори. Врска нема тоа.

Процедурално, за збор се јави господинот Билал Лутфии.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Бидејќи господинот Симев сака да стане помакедонец отколку македонецот, што мене не ми пречи, сакам вас да ве информирам дека пред десет дена како претседател на Комисијата за образование и наука имавме средба со неколку членови од Комисијата со господин Том Левитас, експерт за областа на образованието, во рамките на проектот за реформа на локалната самоуправа, финансиран од Американската агенција за меѓународен развој. Сакам да ве известам дека на овој (пратеникот Вангел Симев реагира) на наш колега и член на овој законодавен дом се што е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седете си таму. (Му се обраќа на пратеникот Вангел Симев) Кога ќе добиете збор, тогаш ќе кажете, сега седете си таму.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Сите тие што и помагаат на Македонија и на нас сите овде им пречи. Затоа, првото прашање му го поставив на господинот Тон Левитас со другите што го придружуваа, дали имате добри или лоши намери, дали се дојдени со лоши или добри намери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Лутфии, ве молам, завршете, не е процедурална работа. Не го разработуваме делото на Вангел Симев, не е многу важно тоа.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Господине претседателе, ве молам, само две три реченици.

Не е процедурално, туку реплика! Сите меѓународни невладини организации дека им нанеле зло на Република Македонија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ете така рекол, не е важно тоа.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

А се што е албанско, се што е за добро битно на сите граѓани овде во Република Македонија на господата им пречи....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, може така мисли, незнам, таму на Комисијата. Таму е друг деловник, ова е друг деловник. Ајде.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

И овде тој искажува се и сешто против албанците и против тоа што се...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе барам средства за тоа, господине Лутфии, не вие.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

. . . Се што се донесува овде за доброто на сите граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, доста е тоа веќе, готово. Ве молам, оставете ги тие работи.

(Пратеникот Вангел Симев, се упатува кон говорницата со зборовите "бев спомнат").

Седете таму вие. Јас давам збор, госопдине Симев.

Ве молам од обезбедувањето, да не ослободите од господинот Симев. Повикајте ги лугето, да си оди тој од овде, да си седне на местото.

(Пратеникот Вангел Симев е до говорницата).

(На вратата се појавуваат луѓе од обезбедувањето).

(Пратеникот Вангел Симев, вели "прозван сум").

Сеедно, јас ќе ви дадам збор. Јас ако не ви дадам збор вие неможете да добиете, сто пати нека ве.спомнат.

Тргнете се. Тргнете го него од тука, ве молам, не сум ви дал збор.

(Вангел Симев реагира со зборовите: "како ќе ме тргнат, со сила ли ќе ме тргнат?")

Да, со сила, одете таму.

(Луѓето од обезбедување го упатуваат господинот Симев надвор од салата).

Да, и тоа да ни се случи.

Седете си вие, пуштете го да си седне некаде таму.

Седете и малку ред овде да има, да се разбереме. Не оди таа работа така.

Ве молам за тишина, треба да се работи.

Има луѓе што може само неред да направат да неможеме да работиме. Неможеме да го дозволиме тоа, да се резбереме било кој да е,

Има збор господинот Ристо Спанаков.

Имаме седница, имаме точки на дневен ред, имате право по општиот претерс да кажете по точката. Е сега ако сакате само караници да правите,тоа не е можно. Не го дозволувам тоа.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада, почитувани пратеници, Мене ќе ми биде малку незгодно после сите овие случувања во Собранието да земам збор и да дискутирам, но сакам да го кажам своето обично мислење во однос на овој пакет закони, кои следуваат како последица од потпишаниот Рамковен договор во Охрид. Се работи за 10,15 закони, кои што како последица на она што е направено со Рамковниот договор од Охрид, односно како последица од уставните промени сега се донесува во Собранието наРепублика Македонија.

Во однос на сите овие закони, како и досега, јас ќе искажам резерва не заради тоа што не сакам таков начин на развој на настаните, не заради тоа што имам: нешто против она што се нарекува албански фак-тор во Република Македонија. Јас не сум антиалбански настоен, не сум националистички настроен, но сум настроен против една работа која што се случува и која што неможам да ја прифатем. Рамковниот договор во Охрид знаеме како беше потпишан, знаеме под кои околности и под кои услови беа донесени сите точки во Рамковниот договор, од кои што една беше уставни промени. За таквите уставни промени, предвидени со тој Рамковен договор, колку што се сеќавам,во септември минатата година поднесов барање за референдумско изјаснување за една седница која сеуште и до ден денес не е завршена.

Морам да кажам дека не се согласувам со уставните промени во тој момент, дека не се согласувам со уставните промени во овој момент, иако според мене и тогаш а и сега условите за живот во Република Македонија наметнуваат потреба од уставни промени, затоа што Уставот така направен генерираше криза, генерираше развој на настани кои што денес ни се случуваат, од кои понатаму произлегуваат сите овие работи.

Во тој контекст, беа направени и оние измени и дополнувања со уставни амандмани, од кои сега произлегуваат овие точки на дневен ред кои се сега ставени како такви, за кои денес сме повикани тука

да расправаме и за кои треба да одлучуваме.

Од тој аспект гледано, јас ќе повторам дека сите овие точки, за да не се повторувам постојано по секоја точка повторно, за секоја точка поединечно, за сите анблок ќе кажам дека се воздржувам од позитивното гласање по таквите точки, затоа што сметам дека,иако можеби за дел од нив има простор и место за разговор, но во нормални околности, во околности кога и уствните промени кои што беа направени требаше да бидат присутни. За мене е неприфатливо дури и сега во овој момент, кога веќе се преземени некои обврски според тој рамковен договор за правење на овие промени кои сега следат по тие уставни амандмани, промените на Уставот со уставни амандмани, мислам дека за ваквите работи треба да разговараме откако, според мене, треба да се создадат солидни услови за разговор во оваа држава, а тоа значи да се направат уставни промени кои ќе бидат прифатливи за сите граѓани во Република Македонија, или после евентуално барање на уставотворно собрание кое што ќе ги донесе сите промени од кои понатаму ќе произлегуваат обврски за донесување на ваков пакет на закони, кои што го имаме сега на дневен ред.

**РИСТО СПАНАКОВ**: (продолжение)

Не сакам да кажам дека за мене е ова неприфатливо од причина што сум националист. Не сум националист. Јас сум човек кој реално ги гледа работите и по тој основ сакам да кажам дека уставни промени, може би, требаше да има. Но, не под такви околности под кои што беше тоа направено. Да не се повторувам понатаму, само ќе кажам дека поднесените амандмани по оваа точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта кои што, кога ќе дојдат на ред ќе бидат разгледувани и мислам дека тогаш можеби повторно ќе дискутираме по текстот на Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за лична карта.

Да не се повторувам по сите овие закони што следат понатаму, а ги има нека де околу 15 на број, истиот став ќе го имам и тогаш, не затоа што сметам дека не треба да бидат направени таквите промени, туку затоа што сметам дека таквите промени произлегуваат, повторно ќе нагласам, од промени на Уставот што, според Мене, не беа донесени онака како што требаше, во една нормална процедура, во процедура да launched речеме без притисоци, без уцени, без закани, во процедура во која што ќе имаше нормален тек и од тој аспект гледано, повторно ќе кажам, по сите тие закони што произлегуваат по тој основ, јас ке искажам воздржаност.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Сосема е нормално и природно ние, понекогаш да не се согласуваме. Да имаме дијаметрално различни мислења во однос на нешто што е тема на разговор. Тоа е нормално, и природно. Меѓутоа, речникот мора до крај да ни биде цивилизиран затоа што ние сме тука пратеници. Претставуваме граѓани. Не би смееле со некои многу, да не кажам ете низок речник да се изразуваме, а не слуша цела една јавност во државава.

Сметам дека таквите расправи се несериозни и штетни и несватливо е пратеник, на пример, да не знае што е правен поредок, од причина што, ако зборуваме за правен поредок, тоа е хиерхарија на правните акти. Значи, ние почнуваме од врвот т.е. од Уставот. Сите други закон) и подзаконски акти мора да бидат согласно Уставот. Значи, ние сега работиме на правната имплементација на Уставната определба. Значи и не мора да се каже рамковен договор. Тоа е веќе уставна норма. Така што и законите, а и законот за лична карта за кои што денеска ние расправаме значи хармонизирање со Уставот на Република Македонија, со Уставот на државата. Незнам, зошто некој мора да се противи на решенија според кои што треба овој закон да се воведе за да се исполни уставната обврска.

Затоа, не сме ние прва држава која што прави вака, ниту ќе бидеме последна. Апелирам на поголема рационалност кај пратениците.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

Во контекст на тоа да придонесам сепак во една атмосвера што очекувам дека ќе биде добра за донесување на овој пакет на закони и конечно денешниот закон тоа се измените и дополнувањата на Законот за лична карта, во едно сум сигурен дека секое

оправдување што оди кон тоа дека измените во Уставот, Рамковниот договор е донесен во ненормални услови итн., ако тоа биде така, оправдување, односно да се повикуваме на тоа дека затоа не сакам да гласам или не го поддржувам ова што ни се нуди итн., мислам дека тоа не е оправдување. Со самиот факт дека, веројатно, е истрошено сето она што значи анализа, она што значи експертско и политичко во овој случај и со меѓународните олеснувачи и додека сме тука, кога веќе е поминато низ сето тоа што е направено во врска со овие закони, во овој случај Законот за лична карта, мислам дека ние како пратеници, тука дури би требале повеќе ние како пратеници да го потенцираме, да го нагласиме тоа што е афирмативно во ово случај. Затоа што токму со донесување на овие закони, со овие измени што произлегуваат и од Рамковниот договор и од измените во Уставот, ние ќе создаваме цврсто се надевам дека ќе создадеме нормални услови за натамошен развој нба демократските односи, на тоа што значи рамноправност во Република Македонија итн., итн.

Ако е така, сугерирам како што рече г-динот Биљали и до колегите, наши колеги тука, јас знам дека големите партии, односно големите партии што се потписнички на Рамковниот договор, веројатно дека тоа добро го знаат го анализирале и го обработувале и на ниво на парламентарни групи и на партии, знам дека помалите партии односно нивните претставници, можат малку да реагираат повеќе на сето ова. Меѓутоа, да не се извлече заклучок или впечаток од сето ова дека има некаква верзија посебно кон јазикот што ќе се употребува како втор службен јазик, односно да бидам попрецизен, аверзија кон албанскиот јазик и писмо. Затоа што тоа веќе после може да се коментира на различни начини, и токму тоа создава ненормални услови, ненормална политичка атмосвера, амбиент итн. Да се придржуваме на тоа, значи сето ова, како пратеници, по можност да го афирмираме и како почеток на нешто што подобро не очекува понатаму со самиот факт дека мнозинството, веројатно, од граѓаните, а кога велам мнозинство не велам за една национална заедница туку мнозинство како граѓани на Република Македонија, треба да се прифати, за да може понатаму да се продолжи во едени подобари политички задачи што не очекуваат. Затоа, предлагам да го поддржиме овој закон, односно изменувањата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници,

Бидјеќи се работи, во суштина, за еден не многу голем закон, составен од два членови, под кои што вториот е небитен за суштината, јас само ќе се задржам на првиот член, што всушност, ја определува главната суштина на оваа законска измена.

За нас, како партија тоа е најнеприфатливо, последниот став од овој член, каде што како новина во досегашната законска регулатива се внесува, т.е. се вметнува под присила, дали меѓународна, дали некое друга присила или по некој друг договор, се вметнува ново решение, штс досега го немавме во законските регулирани односи, т.е. еден документ, личен документ, лична карта што не е туку така било кој документ, туку ги одразува внатрешните состојби во земјата, тоа е документ со кој што се оди во странство, документ што го покажува граѓанинот, пред органите и пред сите институции во земјата, на голема врата се внесува двојазичност. Според мене, се внесуваат и почетни моменти на федерализација на државата.

Тука не станува збор, за некои човечки права, бидјеќи со тоа не се добива ништо. Тука не станува збор за рамноправност бидјеќи, фактички, со ова законско решение се фаворизира една националност во РМ, покрај македонскиот народ, доминантниот, исто така се внесуваат заштита на лични исправи, што е преседант. Едни за сите, за македонците и за сите други националности, а други за албанската националност во РМ. Со што едни се раз ликуваат од сите други и се двојат. Почнува сепарација и кинење на ткивото на целокупната наша нација. Знаеме дека оваа обврска е преземена од четирите партии во Рамковниот договор, знаеме дека тие ќе одат до крај. Бидјеќи, веројатно, со оние со кои го потпишале договорот имаат и концесии за идните некои случувања, пред се, за изборите во РМ. Но, ние како партија, ВМРО-Македонска не учествуваме во ова предавство за некои интереси, макар што беа под силна меѓународна и внатрешна присила.

Поради тоа, како партија поднесовме, што ќе биде дистрибуирано на сите, амандман со кој што се брише последниот став и ги повикувам сите оние, така наречени патриоти, кои многу зборуваат за

правата и за иднината на РМ, кои оспоруваа некои решенија од Рамковниот договор, а сепак гласаа за него, дека имаат шанса, поддржувајќи го овој амандман, навистина, да покажат дека се грижат за иднината на државата. Вака, почнува сепарација што не знам каде ќе заврши. Секако не во интерес на сите граѓани.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Дали имаме доволно луѓе да можеме да гласаме?

Повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Имаа најавени амандмани. Амандманите не ги имаме добиено. (Поедини пратеници бараат пауза).

Нема пауза. Не сме се ни собрале, а пауза.

Видете, ако нешто му пречи на парламентот во работата, тоа е желбата да се кажат најжестоки зборови овде и да се излезе и да се пие кафе, сосема мирно, да не се дозволи да работи парламентот овде. Најголемите јунаци најчесто ги нема овде. Таа работа не е добра.

Така не се работи. Ние имаме обврска да работиме како парламент.

Дру го морам да ви кажам, јунаштината против Уставот, осудување на амандмани што се составен дел на Уставот од овие луѓе кои мислат дека добро прават...

(Пратеник бара збор процедурално).

Немате право, седете таму. Како процедурално.

(Пратеникот повторно бара збор процедурално).

Тишина, тишина ве молам.

Да, тие ништо друго не прават, туку даваат и на другите да не го почитуваат Уставот. Даваат право на другите да не го почитуваат Уставот. Така, да се раз береме.

(Реакција од поедини пратеници).

Ве молам, минуваме на четвртата точка од дневниот ред а по оваа точка ќе продолжиме кога ќе стасаат амандманите, по третата точка.

Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Бидејќи Законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратнеици, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-динот Вангел Симев.

Повелете г-дине Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани дами и господа пратеници и почитувани граѓани.

Немам сомневаше дека претседателот повторно ќе ме избрка од говорница и сега ќе ме отстрани и ќе го повика обезбедувањето пред да кажам како да сум непријател на македонските интереси, на македонската држава тој ќе употреби сила на мене, можете тоа да го употребите тоа дома само кога ќе ви дојдам, а од говорницата немате право...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега вака, ве молам, не ме поучувајте што да правам.

Веднаш ќе ви го одземам зборот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

За да не ви дозволам да ме отстраните вие самиот ќе ја напуштам седницата затоа што сте најголемиот предавник во македонската историја и најголемата алчност ја поседувате меѓу сите граѓани во Македонија. Тоа да ви кажам. И не сакам да бидам присутен. Ке дојдам кога ќе биде гласањето. Во овој момент самот ја, напуштам седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Симев, апсолутно не ми стало до Вашето мислење. Тоа е ваше, држете си го ви тоа.

(Дофрлање од место).

Да, и господинто Харуни го дели тоа мислење, еве се јавува.

(Џагор во салата)

Еве го, се изјаснува. И до вашето мислење не ми е стало. Имате право на свое мислење.

Дали некој друг бара збор?

(Не бара никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Не можеме да поминеме на гласање бидејќи нема доволен број на пратеници.

Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

(Пратеникот Вангел Симев ја напушта седницата пропратен со реакции од пратениците)

Пријатно.

Немојте со потсмев. Сум видел јас и поголеми јунаци.

Минуваме на точката 5. - Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Бидејќи Законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратнеици, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворма општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Но, не можеме да минеме на гласање, бидејќи сеуште немаме доволно пратеници во салата.

Бидејќи следната точка точка 6 е од друг комплекс, затоа предлагам да почекаме да ги добиеме амандманите за точката 3 за да можеме да расправаме.

Давам пауза од половина час.

(по пауза)

Седницата продолжни со работа во 15,10 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Процедурално за збор се јавува г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас сакам деловнички да Се осврнам на ситуација која тука настанува. За мене е непријатно сознанието овде да се применува до тој степен што Се употребуваат навредливи зборови за членови на Парламентот или за вршители на функции.

Посебно за првото, по сите теркови на парламентарната Демократија за присутните во сала се зборува внимателно, или барем со бирани зборови. Ако имаме забелешка или разлика околу политиката, тоа е легитимно да се истакне. Не е легитимно да се нанесе навредлив збор за член на Парламент. И во Деловниците тоа е запишано.

Во новиот Деловник, кој сега е во тек, така ќе стои. Овде за жал Се води сметка за неприсутните, а помалку за присутните. Не, обратно стојат нештата. Тие што се присутни во салата, за нив никако не е препорачливо да се каже Непријатен, непристоен збор. Ова го имам на ум г. претседател, пред да интервенирате евентуално, што пред малку токму тука во салата за вас Се искажуваа сериозни забелешки. Тоа Не е местото каде што може таква констатација или такво мислење да Се искаже.

Јас би замолил да имаме толку доблес во себе, лично да не се напаѓаме барем во рамките на оваа говорница или на оваа сала. Надвор од салата нормално слободата на говор не е ограничена и може да биде користена, дали во писмена форма, преку настап во емисии, или собири, било каде. Во салата убаво е да внимаваме едни на други. Тоа не само што ни годи на нас, тоа годи и на делото кое мислиме дека го работиме и да го унапредуваме. Оттука би сакал да бидам сфатен позотивно и на колегата, не е само тој, јас имам и други моменти кога би сакал да ставам таква забелешка, да му укажам и да го поканам и на средба, но секако надвор од салата. Овде во салата такви нешта не се случуваат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас незнам сега за што е работата.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сум разбирлив, мене не ми се допаѓа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не ме напаѓа. Јас сфатив уште една критика.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не, ако сакате експлицитно ќе ги кажам дека такви нешта што се слушаат тука пред паузата не се упатни и не служат на достоинството како на излагачот така и на претставничкиот дом. Тоа го мислам. Во тој случај вие сте биле под навреда, или функцијата која вие ја покривате, но тоа е второстепено. Првостепено е тоа што овде се изнесуваат непријатни нешта за членови на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги и целокупна македонска јавност.

Јас имам една процедурална забелешка која ќе се состои во една забелешка за еден непримерен истап на нашиот колега Вангел Симев.

Имено, не можам да си дозволам самиот на себе да продолжиме по точките од дневниот ред, а да не интервенирам по повод неговото непримерно однесување денеска на говорницата, а би рекол и на неговиот колега нашиот колега пандан од албанските пратеници г. Сејфедин Харуни.

Имено, останувајќи на ставот дека секој пратеник има право да го искаже своето мислење по повод прашањата што се ставени како точки на дневен ред, да даде своја оценка и свој став, сепак дотичните пратеници кои на најдрастичен начин ја злоупотребија оваа говорница на македонското Собрание.

Господинот Вангел Симев а и г. Сејфедин Харуни изнесоа грст дисквалификации на легалните македонски институции и уставни категории. На тој начин Вангел Симев прави обид да внесе циркуско однесување во највисокиот преставнички дом на граѓаните на РМ, внесувајќи елементи на Шешељузам во Македонското Собрание и нихилистичко однесување кон Уставот, уставните категории и легалните македонски институции. На таков начин целта на овие двајца пратеници е да го посрамотат и понижат македонскиот Парламент а преку него и целокупниот македонски народ.

Во името на сите добронамерни и разумни пратеници на овој претставнички дом изразувам осуда на ваквото однесување на Вангел Симев, Сејфедин Харуни и на сите оние кои се слични на нив по нивното однесување од оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги пратеници.

Ваквата убава координација да се дадат квалификации на еден колега пратеник, како што ја видовм9 изрежирана денеска и сега пред малку заедно со претседателот на Собранието и најголемата партија и ЛДП, требаше можеби да се случува убава координација во минатите шест месеци, па претседателот на Собранието да го организира Собранието како што доликува на едно организирано и цивилизирано Собрание. Така ќе немаше многу испади, многу случки што не требаше да се случуваат, а ова Собрание ќе наликуваше на Собрание во кое претседателот на Собранието наместо да солира раководејќи со ова Собрание, координира во работата со координаторите на пратеничките групи и се договораат за тоа како ќе разговараме и како ќе комуницираме Меѓу себе и сите проблеми на еден цивилизиран и парламентарен начин ќе ги расчистува од тука.

Меѓутоа, бидејќи е суспендиран овој орган на Собранието, профункционира во овој момент монтира еден акт на напад на еден колега и се случи еден немил преседант кој не Се случил во плуралното Собрание. Имено, насилно беше изнесен еден пратеник, и влачен со сила од ова Собрание.

Господа пратеници, со денови не ни дозволувате да се искажеме. Вчера на мене Не ми беше дадено да се искажам како предлагач на точка, да одговорам на претставник на Владата. денес, тоа е тенденциозно кон пратениците од ВМРО-Македонска ова што се случува може да се претвори во начин на делување постојано.

Јас го признавам од оваа говорница правото на претседателот кое е вметнато во Деловникот да го толкува Деловникот, меѓутоа тоа право му е дадено да го толкува во интерес на добро функционирање на Парламентот не во интерес на злоупотребата на функцијата претседател на Парламентот, кој секој ден е на ПРЕС-конференција без да ги свика коориднаторите за овие 7-8 месеци ни еднаш да искомуницира со нив, ниту со другите членови на претседателството на Собранието кое не функционира со денови и е блокирано благодарејќи на функцијата претседател на Собранието.

Според тоа, или да продолжиме да зборуваме за законите онака како што сме почнале и како што функционира ова Собрание, со наметнување на сила, со одземање на збор, со непринципиелност,...

(уфрлување од место)

Господине Краљевски, ова што го кажувате за злоупотребата на говорницата за Вангел Симев, јас да ви кажам оваа говорница ако некој најмногу ја злоупотребува тоа е пратеникот кој е на два чекори од неа. Кога ќе му текне г. Флоровски прави тука политички памфлет со два чекори. Излегува, и има право повеќе од сите 120 пратеници тука да си го искаже своето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стојменов, ставете ја забелешката за да можам да ја ставам на изјаснување на Парламентот. Вие развивате теории.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Моите теории господине се процедурални на она што го искажа г. Јордан Бошков се придружувам и господинот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме ние за тоа што го кажа Јордан Бошков. Не можеме да расправаме, нема за што да расправаме.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Па, ако ме прекинувате постојано на сред реченица нема ни да знаете што зборував г. претседателе. Може ли да се докаже?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, не кажувате вие. Вие прикаски кажувате.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ова е уште една квалификација на г. претседател на Собранието за прикаски. Од оваа говорница, во Деловникот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да знам зошто сте дошле. Мора да знам, сте дошле...

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

По истата точка што излегоа г. Јордан Бошков и Чедомир Краљевски, излегувам и јас и не кажувам прикаски, или сите кажуваме прикаски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, кажете ја забелешката. Кажете ја, уште нема ништо. Уште не сте рекле ништо...

(господинот Михајло Горгиевски реагира од место).

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине Михајло Георгиевски престанете да ме вреѓате од првиот ред. Вие сте звезда од МТВ, тоа знам, меѓутоа престанете да ме вреѓате. Излезете на говорница. Кажете слободно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, се разбира ако имате со г. Михајло Георгиевски да си кажете Н9што, надвор ќе си кажете, а Не од оваа говорница.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Па, Него го убедувате вие. *не* ми дозволува да зборувам она што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што му се обраќате вие на него. Кажете што сакате да кажете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине Андов, од името на пратеничката група ВМРО-Македонска бараме и посакуваме ова Собрание да функционира како што кажаа колегите. Во духот на разбирањето, дијалогот и Демократијата. Онака како што не функционираше во минатиот период. Затоа нашата забелешка процедурална е за да функционира така, ние имаме координатор на пратеничката група, верувам Дека и другите координатори на пратеничките групи сакаат да разговараат на таа Тема, да најдеме начин да го оспособиме Собранието да функционира соодветно, рамноправно за сите 120 пратеници кои ги претставуваат граѓаните на РМ. Додека Н9 е така ќе се случуваат вакви инциденти, немили инциденти и изливи на нервоза, навреди и слично, кои инциденти сепак вие ги предизвикувате со Неправедното водење на седниците кон пратениците на позицијата и пратениците на опозицијата.

(господинот Александар Флоровски, бара збор, и излегува на говорница без да добие збор од претседателот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може. Нема натаму никакви процедурални забелешки, бидејќи никој не дојде со процедурална забелешка. Одиме натаму.

(реакција на некои пратеници кои бараат збор).

Па, што ако спомува?

(реакција од место - па го напаѓа ПДП)

Нема ништо натаму. Не.

Исклучете го г. Флоровски. Обезбедувањето викнете го да го отстранат. Нема смеа ништо, ништо не е смешно.

Веднаш ослободете ја говорницата.

Вие можете секој по нешто да си кажеме, но ние овде се собираме да работиме, а не да се надмудруваме.

Одиме понатаму.

(реакција скоро на сите пратеници во салата - општ хаос.)

Во салата влегува г. Вангел Симев упатувајќи се директно кон говорницата)

Обезбедувањето нека дојде да ја заштити говорницата од насилници. Таму да си седите, горе. Седете си горе веднаш.

(господинот Вангел Симев бара збор)

Не ви давам збор, седете си таму.

Тишина.

Одиме на точката 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за лична карта.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Љупчо Анушев поднесе амандман за менување на член 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Ѓорѓи Тодоров и Звонко Мирчевски, поднесоа амандман на член 1 за бришење на новиот став 5, по кој Владата не се произнела.

Отварам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕФАТ ЕЛМАЗИ:**

Амандманот не се прифаќа.

(некој пратеници реагираат од место зошто претседателот не им дава збор).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само јас кажувам кој има збор.

(и понатаму реакција на некои пратеници)

Може, може.

Значи амандманот не се прифаќа.

Молам дали некој бара збор?

Вангел Симев бара збор, по амандманот ли е?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не, по претходното јавување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, добро.

Господинот Вејсели Абдулали, бара збор, процедурално или по амандманот?

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Не, процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Како не може? Зошто не ми давате збор. Не знам како можеш на еден да му дадеш збор, на друг, бидејќи спомнува пратеник од пратеничка група на ПДП не му даваш право на одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема одговор за тоа. Тоа се деловнички интервенции и готово.

(реакција на пратениците од ПДП)

Седете сега, ништо.

За збор се јави г. Љупчо Анушев.

(реакција на претниците од ПДП зошто му дава збор на г. Љупчо Анушев - зошто Анушев...)

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Колеги пратеници, јас ве молам за мало трпение за да го прочитам мојот предлог, мојот амандман, воедно и да видите каква ми е ориентацијата, затоа што не би сакал некој квалификации што во кулуарите ми ги кажавте.

Да, национализмот се гледа и по тоа што предлагачите се сконцентрирале на јазиците, а не предвиделе за луѓето што имаат оштетен вид, ознаки од Боевата азбука. Еве, и тоа ви е еден податок.

Во предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта член 1 се менува и гласи: "во Законот за личната карта "Службен весник на Република Македонија" број 8/95 година, во членот 1 став 5 зборовите "со втиснат и ознака на серијата и сериски број се бришат".

Ставот 2 се менува и гласи: "во образецот на личната карта се определуваат 18 полиња. Полињата од 1 до 15 се наоѓаат на предната страна и служат за личните податоци на граѓанинот.

Полињата од 16 до 18 се определени на задната страна и ќе се употребуваат за натамошна надградба на личната карта. На пример користење на личната карта како гласачка легитимација, за здравствена легитимација, внесување на даночен број и тн., и тн.

Полињата од 1 до 15 означуваат и гласат:

Еден - име, два и три - прво презиме, второ презиме, или средно име, четири – националност пет - место и дата на раѓање шест – пол седум - место и дата на издавање осум - дата на важење девет -

број на лична карта десет - адреса на живеењеединаесет - забрана на преминување државна граница четиринаесет – ЕМБ петнаесет - дигализиран потпис шеснаесет, седумнаесет - за натамошна надрградба.

По став 2 се додаваат пет нови става, 3, 4, 5, 6 и 7, кои гласат: на образецот на личната карта зборовите "Република Македонија" и "лична карта" се печатат на македонски и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинско писмо.

**ЉУПЧО АНУШЕВ**: (продолжение)

Додека на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од макеоднскиот, зборовите "Република Македонија" и "лична карта" се запишуваат на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Податоците во полињата од 1 до 18 во образецот на личната карта се запишуваат на англиски јазик и латинично писмо. Формуларот за поднесување на барање за издавање на лична карта во натамошниот текст "формулар", се печати на макеоднски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо. Податоците во формуларот се запишуваат на макеоднски јазик и неговото кирилско писмо, а податоците за името и презимето на граѓанинот, полот и државноста се запишуваат и на англиски и на неговото латинско писмо. На граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од макеоднскиот јазик формуларот се печати и податоците во него се запишуваат и на службен јазик и на писмо што го употребува граѓанинот.

Сега, би сакал да ви образложам зошто тоа го предлагам. Јас во прилогот на амандманот, имате и слики, но ќе ви покажам и вака како изгледа и колкав е форматот на личната карта. Но, со предложените измени на член 1 од Законот се предвидува можност личната карта да се користи како важечки документ за преминување на државната граница во случаи и под услови утврдени со верификувани меѓународни договори. Оваа измена ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тој токму за својот амандман зборува и сега што ви смета. Треба да го ислушаме, нема друго.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Па добро, после ќе се јавите што имате да кажете.

Оваа измена имплицира соодветни измени во член 5 од Законот, според кој образецот од личната карта се предлага да се печати на макеоднски јазик и негвотоо кирилично писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо. Во празен образец за лична карта се печати Република Макеоднија и ллична гарта на макеоднски јазик и неговото кирилично писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо односно и на јазикот на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од макеоднскиот. Значи, зборувам за Република Македонија и лична карта.

Бидејки, образецот на лична карта е и со стандард 70051-3 и како 9303 односно со димензија 86 милиметри по 54 мили метри, неможно е да се запишат податоците на повеќе јазици. Во нашиот случај три јазици, македонски, англиски и албански. Затоа, по препораката на Европската заедница се дефинираат личните податоци на граѓаните од 1 до 18. Секој од броевите имаат точна дефинирано значење за податоците на граѓанцте . На образецот се пишуваат само броевите , со истото се избегнува можните конфликти околу јазиците на полињата што образецот, бидејки е невозможно секое поле на лична карта да се дефинира со три различни јазици. Како на пример, податокот за место на живеење. Значи, треба да пишува живеалиште и адреса во исти ред. Тоа треба да се напише под улицата каде што живее дотичниот граѓанин.

Денешната техника овозможува испишување на таков ситен текст, но читањето на истиот без лупа е невозможно. Бидејки, личната карта речиси се дефинира како патна исправа, најнапред за соседните земји, а подоцна и за останатите, пишувањето на податоците на граѓаните треба да биде исто како во патната исправа, односно пасош. Затоа, се предлага податоците на граѓанинот да бидат испишани на англиски јазик со латинично писмо. Ваквото решение се темели на фактот што со употребата на личната карта на која би се користел еден светски јазик и латинично писмо, би се создале услови за примена на европските и светските стандарди во нашето законодавство и практична реализација на настојувуањето на Валдата на РМ за поуспешна интеграција во ЕУ. Всушност, интенцијата е за создавање Европа без граници, што и се применува во повеќе земји во Европа, каде што границите се минуваат со лични карти. Повеќето земји во Европската заедница и Југоисточна европа во своите закони имаа имплементирано вакви одредби, како на пример Законто за лична карта на

Италија, кој е донесен на 19 јули 2000 година, според кој личната карта е јавна исправа со коај државјаните на Италија го докажуваат својот идентитет и кој можат да употребуваат за преминување на државната граница во случаи и под услови утврдени со меѓународни договори. Исто така, на новата италијанска лична карта се определени дефинирани полиња за податоците на граѓаните, а зборовите "Републи.ка Италија" и "лична карта", во личната карта се печатат на итапијански јазик. Додека, од националностите од Словеначко, Француско и Германско потекло истите зборови се печатат на јазиците на националностите. Имате прилог, фотокопија од Италијанската и Белгиската лична карта.

Ако Република Македонија се одлучи Европски односно да го прифати предлогот со полињата, тогаш има место на лична карта да се стави и местото на издавање и место на раѓање на граѓанинот, кои податоци во овој предлог ги нема. Овие два податоци за македонските граѓани се многу битни. Јас незнам тие зошто се испуштени од предлогот.

Откажувајки се од македонскиот јазик и неговото кирилично писмо на личните податоци на граѓанинот и прифаќајки ја Европската опција, исто треба да го направи албанскот народ за нивниот јазик и писмо, ако сакаме да бидеме европски ориентирани и да живееме во Европа. Исто така, со амандманот се предлага во формуларите за поднесување на барање за издавање на лична карта, податоците да се пополнуваат, покрај на макеоднски јазик и кирилично писмо и на јазикот и писмото на граѓанит екои зборуваат служвен јазик различен од макеоднскиот јазик, согласно Рамковниот договор и амандманто 5 од Уставот на РМ.

Јас , мислам дека треба малку да размислиме да го прифатите овој амандман, да не ни биде личната карта накитена со пет јазици и да не може да се чита. Гледате на слиакта 6 како би изгледала таа лична карта и колку ќе ни се смеат надвор кога ќе идеме со таа лична карта. Ако сакаме токму да бидеме обележани кои се албанци, кои се македонци, па можеби од оваа или од онаа партија , постои техничка можност, сликта, подлогата во боја да се менува, па за албанците да имаме зелена, за СДСМ да имаме сина боја, за ВМРО да имаме црвена, жолта и т.н.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада, почитувани колеги пратеници, очигледно е дека во овој амандман не предизвикува поголемо внимание, меѓутоа, сепак, мислам дека треба малку по сериозно да се видат содржините што тој ги носи. Затоа што, не се работисамо за сега во момнтов на донесвуањето, туку малку подалеку да се гледа во иднината , а ако веќе сите се залагаме за иднина во ЕУ, мислам дека сепак треба сериозно да се разгледаат предлозите дадени во овој амандман. Јас, случајно имав една картичка која што треба да биде нашата лична карта во иднина и навистина, според кажувањата на предалгачот на овој амандман, перспективно односно во иднина ќе биде навистина невозможно , доколку се вметант сите податоци онака како што се бара со Законот за лична карта сега во овој момент, ќе биде невозможно таквите бројки и букви да се прочитаат. Затоа, мислам дека сепак треба со внимание да се разгледа овој амандман и доколку постои можност да се согледаат сите негови и идни значења за државата Република Македонија, јас истиот ќе го подржам, а барам и другите колеги пратеници сериозно да размислат околу овој амандман.

Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејкаи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 8 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 35 пратеници.

Молам , да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Вкупно присутни се 68 пратеници.

Гласањето е важечко.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. оторам претрес по амандманот на член 1 за бришење на новито став 5 поднесен од пратениците Ненад Ристовски, Вангел Симев, Ѓорѓи Тодоров и Звонко Мирчески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕФАТ ЕЛМАЗИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Ненад Ристовски, се јавува за збор.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, членови на Валда.

Ќе дадам кратко образложение на амандманот и зошто мислам дкеа ова Собрание треба да го прифати. Во членот 5 се внесува дискриминација на една националност во Републикава преку внесување на два типа лични карти. Едни за сите граѓани, за доминантниот македонски народ и сите други националности и друг само за албанската националност во Република Македонија, со што истата се сегрегира од целокупното друго дело на нашето општество и со што не гледам друга намера, освен она што го кажав и во општиот претрес, една позиција за една идна федерализација во државата. Ако не се прифати овој амандман, ние по 8 дена имаме за една држава два типа на лични карти. Јас не би имал против кога, на пример, такво некое решение би било за сите националности во РМ.Тоагаш, би сватил дека се работи за нешто друго. Но, овде на голема врата се внесува друг службен јазик и онаму каде што македонскито како службен јазик треба да има неприкосновена своја позиција, а од друга страна предлагачите на овој закон , сакајки да му дадат некој посебен статус на албанскиот народ фактички, му даваат подреден статус во државата, сегреријали ги истите од сите други кои што го чинат македонското општесто. Значи на една страна ќе имаме македонци како доминантен народ и сите други националности, а на друга страна само албанците ќе имаат посебна некоја исправа, која што ќе покажува дека тие не се дел односно не се интегриран дел во општеството. Затоа за да се избегне ова , бидјеки се работи за лична карта коај треба да биде иста за сите граѓани и ако сме унитарна држава , мислам дека треба да се прифати овој амандман.

Багодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Овој амандман го предлагаме, бидејки сметаме дека со овој амандман се воведува двојазичност во Република Македонија како зачеток на федерализирање на РМ. Ова го кажувавме уште кога се предлагаа уставните измени и амандмани. Бевме сведоци од страна на најнационалната партија ДПМНЕ , која овде ги осудуваше таквите уставни промени, а потоа гласаше за истите. Очигледно е дека имавме ишингирана една војна , за да одредено национално малцинство се фаворизира во РМ. Тоа одредено национално малцинство врши асимилација на македонците муслимани во Западна Македонија, иселување и етничко чистење на делови од Република Македонија, кои што овој народ, оваа нација му даде државјанство и гостопримство и тоа денес го злоупотреби со одредени предавници од страна на РМ кои се договорија за пари , за грст пари да извршат предавство и федерализирање на РМ. За ова дело , велам дека македонскиот народ на овие избори ќе ја казни оваа партија и сите оние кои што го извршија ова дело. Се надевам дека на есен ќе имаме фер и демократски избори, каде што ќе се слушне правдата и галсот на народот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве моалм да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 7 , воздржано гласале 16 , против гласале 37.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата, и ве молам да гласате. Концентрирајте се на ова што го работиме.

За време на гласањето беа 69 присутни пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот. Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Макеоднија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници , при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 56 пратеници, воздржано глаљсал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

Ве молам, повторно да го утврдиме точниот број на пратеници во салата.

Јас ве молам да се концентрирате барем кога се гласа.

Имаме 65 присутни пратеници кгоа се гласаше.

Резултатот важи.

Но, за да можеме да констатираме, да видиме , таму бидејки сите не гласале, дајте го листингот да видиме како гласале припадниците на заедниците кои не се мнозинство.

Ве молам.д а ви стане јасно, овде мроа да гласале повеќе од половината од припадниците од заедниците кои не се мнозинство. Молам, тоа да го видиме.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта.

Со оглед на тоа што вкупно гласале 50 пратеници, а гласале и повеќето од половината пратеници припадници на зедниците кои не се во мнозинство.

Сега се навраќаме на втората точка од дневниот ред.

Ве молам, Предлогот за законот за дополнување на Законот за внатрешни работи, го ставам на гласање, бидејќи претресот беше претходно заклучен.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, за гласале 62 пратеника, воздржано гласале 2 пратеници и против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

Бидејќи законот содржи одредби кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници. При што, мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците, кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 67 пратеника, 1 пратеник гласал воздржано, 1 пратеник гласал против.

Тука е јасно дека гласале сите и дека гласале и повеќето од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците, кои не се мнозинство.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Бидејќи претресот е заклучен и општиот и по текстот, само го укажувам следното: бидејќи законот содржи одредби, кои директно ја засегаат употребата на јазиците, согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што, мора да има гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците, кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 68 пратеника, воздржано не гласал никој, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

Минуваме на точката 6 - Предлог на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој член законо за донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор.

Има збор министерот за правда Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван претседателе на Собранието почитувани дами и господа пратеници, Пред вас се наоѓаат пакетот на закони за избор на пратеници во Република Македонија, важни закони за Република Македонија.

Денеска по втор пат, пред вас се наоѓа Законот за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија и тоа како Предлог на закон во втора фаза.

Овој пат моато излагање ќе биде потрабно и ќе се задржам само на оние делови за законот кои претрпеа измени од првата фаза, значи од Предлогот за донесувања на законот, до оваа фаза, која сега ви се предлага во вид на предлог на закон.

Уште на почетокот сакам да ве информирам дека при подготвувањето на текстот на законот за избор на пратеници ги имавме предвид сите укажувања и забелешки, кои баа изнесени, како што се собраниските комисии и тоа поточно ЗПК, Комисијата за политички систам, како и стенографските белешки од општата расправа на седницата на Собранието по однос на овие закони.

Во Министерството за правда, како надлежно министерство за подготвување на овие закони, овие забелешки од извештаите на комисиита, се прифатени скоро сите, а се работеше во поголемиот дел на такви забелешки, кои одеа кон прецизирање на текстот на законот и се внесени скоро сите во истиот.

Но сепак, мора да нагласам дека предложениот текст на закон претрпе измени и во однос на изборниот модел, така да голем број на одредби мораат да се менуваат, поради усогласувањето со новиот модел, кој беше утврден со согласност од четирите клучни политички партии во Република Македонија.

Во овој Предлог на закон предложен е пропорционален изборен модел, а територијата на Република Македонија е поделена на 6 изборни единици, кои даваат еднаков број на мандати.

Резултатите за утврдување на бројот на мандатите се пресметуваат, како и досега, според Донтовата формула, а не постои изборен праг.

Предложеното решение за професионализација на пратеничката финкција остана иста, како што беше во Предлогот за донесување на закон, но затоа делот на изборните органи, кои треба да ги спроведат изборите во Република Македонија, како во нивниот состав, каде што во сите од нив се предлагаат членови од политичките партии на власт и од политичките партии на опозиција. Кај овие органи предвидени се надлежности за секој вид на изборните органи. Па од тоа и за Државната изборна комисија, регионалните изборни комисии, општинските изборни комисии и избирачките органи, согласно надлежностите кои се предлагаат во законот да ги има.

Мора да нагласам дека до ваквото изменување на решенијата на Законот следеше после договорот меѓу политичките партии.

Почитувани пратеници, кога сме кај начинот на предлагање на изборните тела, сметам дека добро е да нагласам дека во една блиска иднина во Република Македонија треба да се тежнее и да се работи кон тоа да создаваме професионални изборни органи и сметам лично дека тоа е иднината на фер и демократски избори во Република Македонија.

Сегашото решение кое се предлага моравме од причина што сепак сметаме дека судството е таа власт во Република Македонија, која може да гарантира фер и демократски избори. Но, мора да нагласам дека согласно сегашните решенија што ги предлагаме, а беа усогласени со политичите партии, на начинот како ќе бидат предложени судиите, не можам да бидам рамнодушен и да Се согласам дека навистина најдоброто решение, политичките партии од позицијата, или од позиција, предлагаат судии во изборните органи.

Секако дека оваа одредба, која не знам по кој пат нагласувам е усогласена меѓу политичките партии ќе остави впечаток во нашето судство, кое не води сметка кон тоа што значи уставен принцип за сомостојно и независно судство во Република Македонија.

На крајот би сакал да нагласам дека текстот на законот за избор на пратеници исто така, ги доби и пофалните зборови од разни меѓународни организации и фондации, кои за основна дејност го имаат изборното законодавство.

Сметам дека со Предлогот на законот, сепак, со предложениот текст на законот, за прв пат во Република Македонија може да се смета дека се претпоставка и создавање на услови за одржување на фер и демократски избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа,

Изборите наближуваат, изборната регулатива сега е во расправа можеби доцна, можеби и изборите доцнат, но да се надеваме дека нема да задоцнат. Ние во предвечерјето на оваа седница имавме јасно изразена желба на блиските или на припадниците од семејствата на киднапираните лица, да не се расправа по документи од Рамковниот договор, пред се расчисти судбината на нивните блиски.

Јас мислам упатно беше координаторите овде да кажат што мислат околу толку долгото нерасчистување на таа судбина.

Самиот закон, за избор на пратеници јас не го доживувам како достигнување на демократски вредности, Не го доживувам ни како отсликување, или слика на тоа што беше запишано во Рамковниот договор, јас во него гледам мноштво опасности и за целовитоста на Република Македонија и за самата спроведливост на изборите, но исто така и за постапката на кандидирање.

Очигледно не Се отишло понапред, чекор понапред од европеизирање на стандардите. Еден бележит Недостаток сега го спомна и министерот, инаку за одбележување е и околноста што г. министер што на некој начин е под ембарго на претседателот на Владата, но никако не се дебатира тука за интерпелацијата, туку тоа ќе остане на други места веројатно испитано, а можеби и Н9ма да биде испитано. Но политички партии, па и нека Се тие од опозицијата, предлагаат членови во Државната изборна комисија, не е упатна. Не е тоа прашање како Ќе биде сватено од странските Места. Не е тоа прашање ни толку како тукашните актери Се спогодиле. Но тоа, пред Се е' прашање од принципиелен карактер, од карактер на правна заснованост. Такво нешто да се пишува во закон за избори, нема никаква основа.

Јас сметам дека тука е потребна интервенција и веројатно, штом веќе се допушта опозиционите партии да посочат кој судија да биде член на изборна комисија, најверојатно се мисли дека и тие што се партии во власта и тие посочуваат. И тоа, исто така е недопустливо. Независната судска гранка има комплетна власт врз изборниот процес. Тоа е моето видување. Дали тоа ќе биде спроведено, на друго место е запишано. Ние бевме сведоци на избори и во САД, каде што за претседател, одлучуваше на крајот Врховниот суд. Со мнозинство, меѓутоа, едноставно се слуша зборот на судијата. Во било кои процеси на натпревар, нека биде тоа и спортски, судијата имаогромна власт, па и кога неправилно суди.

Друго што гледам, бележив недостаток е тоа што овде во изборниот закон не се вткајуваат овластувањата на судската власт било да отфрли листи, или поедини кандидати по сопствен наод. Би било многу подобро тие тоа да го направат, отколку тоа да го направи некој друг фактор од страна надвор од Република Македонија, а ние сме должни да поведеме сметка работите да не одат во таа насока и истите тие судски власти да можат да исфрлаат од изборите лица кои немаат интегритет да бидат кандидати.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Самата пак кандидациона постапка која е уредена внатре во партиите кои настапуваат на изборите, исто така е потребно да доживее преработка. Уште во 1994 година кие имавме сосема поинаков дух кој тука беше присутен. Тогашната опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ се залагаше за таква транспарентност на конадидационите постапки што и принципот на демократија да биде спроведен и во политичките партии. Номиниран може да биде тој за кого партијата докажува дека е минат низ нејзиното сито, целосно транспарентно. Нема војна или самоволие на политичкото раководство. Но и за тоа нешто еве седум-осум години подоцна во Македонија слухот изостанува. Можеби беше татнежот на бомбите, на гранатите,на митралезите посилен, но навистина штета е кандидационите постапки да бидат исклучиво во надлежност на партиските раководства, од друга страна пак општеството преку никакви свои механизми не испиту-ва што се случува во политичките партии. Тие исти партии утре владеат со процесите на ова општество, носат закони. Јас мислам дека овој изборен закон, независно колку ја отсликува волјата на главните учесници, сегашни протагонисти во политиката, одразува ниско ниво за да може да се одговори на потребите на отворено општество, општество кое припаѓа во семејството на европските држави. Тука ценети колеги упатено е да се има разбирање и да се интервенира.

Тоа што се дефинира пропорционален модел може да некој начин да постои олеснителна околност со текстот или со документот кој е потпишан во хотелот Александар Палас, како Рамковен договор, но тоа што се дефинираат шест изборни единици не се добива јасно сознание зошто баш така се дели територијата. Не се добива сознание зошто пак сите тие изборни единици се

еднакви. Начелото на еднаков број на популација која бира претставници во претставничкиот дом во Собранието, не може да биде толку силно. Може и тие единици да се разликуваат како по географска широчина така и според бројот на мандати кои ги избираат од изборните единици, а исто така и според бројот на популацијата. Ова што сега е зацртано и толку умешно напишано е, ако не друго уште еден степен кон делба. Мене ми паѓа во очи делењето на Скопје, делењето долж реката Вардар. Јас сметам дека тука исто така е неопходна интервенција. Изборните единици, барем каде што е Скопје да бидат преинечени. Сто и шест изборни единици а гледам и Законот за изборни единици каде се набележани тие шест, но ние можеме да почнеме и со овој закон, можеме да преиначиме, можеме да напишеме пет или седум. Но нема никаде услов, ниту во Рамковниот договор ниту од позитивното право дека сме должни да имаме изборни единици со еднаков број на бирачи и со еднаков број на мандати. Мое лично гледиште е дека на Македонија и одговара мнозинскиот изборен модел, само тоа не е важно. Волјата на мнозинството тука одлучува и се е во ред. Но реков не е важно, можеме да се пренасочиме кон пропорционален модел. Немам против. Конечно волја е волја и за тоа не треба да се спори. Но, зошто е потребно Скопје да се дели, би било упатно за тоа да ни одговорат најнапред предлагачите, а после тоа и тие што мислат да гласаат за овој предлог. Јас тука имам големи резерви.

Една друга дополнителна точка што не е осветлена во постојниот текст е односот кон партии кои се обидуваат или, веројатно сепак застапуваат, легитимираат интереси на наши граѓани кои припаѓаат на мали заедници по број, мали етнички заедници. Според тоа ако веќе поводот за разгорување на војна во Република Македонија беа некакви небулози за сфаќањето што се тоа права и како до нив се стига, упатно би било барем на тие луѓе кои, еве не дигале оружје како еден вид наш гест, нема благодарност, туку наш гест на разбирање на нивната ситуацијата.

да им овозможиме да имаат некаква застапеност во Парламентот. Јас во тој правец и дадов еден амандман кој можеби не е и најсреќното решение, но во секој случај заслужува да биде вткаено такво решение затоа што од се се учи па ќе видиме понатаму што од тоа би произлегло и ќе се моделира законот.

Дополнителна, тоа би било голема тема, но јас само ќе кажам дека дополнителна тема е половата застапеност или таканаречената рамноправна полова застапеност.

Според она што го гледаме од, секогаш велиме развиените демократии, но имајте на ум дека во тие развиени демократии жените немале право на глас до пред неколку децении, а исто така пак во некои од нив, ќе ве изненади, иако се во Централна Европа, во некои од нив тие се стекнуваа со пасивното избирачко право односно да бидат номинирани, дури пред 20 години. Но, пак ние учиме од нив, пак ние сме поназад,.а никој не гледа дека ние во Република Македонија имаме високо пропорционална, ако не и надпропорционална, или мнозинска застапеност токму на жените во голем дел од јавниот сектор. Јас само ќе ве потсетам, ние гласавме судии за Апелациониот суд во Скопје во кој пет кандидати, сите по ред жени. Тоа се гласаше тука пред некој месец. Никој од женското лоби во Република Македонија тоа не го поздрави, иако прашање е пак дали е упатно да го поздрави, бидејќи тука е потребно да се стави прстот на чело, одат ли работите така или не одат. Чекате сега рамиоправност а за кого. За кого пак премногу рамноправност а за некому не. Од тука јас сум со свое видување, ако веќе се пушта духот да излезе од шишето и се отвора таква тема, без да се води сметка за традицијата, за односите кои постојат во тоа општество, тогаш дајте да бидеме целосни, тогаш ќе бараме равноправност но и во тек на време, не само во тек на мандат. Овој Парламент има веќе три мандати, три созив добро е што сите се со цел период. Барем во наредните два на листите да можат да стојат исклучиво припадници на женскиот пол. Тогаш ќе постигнеме, во тек на 20 години, под услов целите мандати да бидат исполнети во текот на 20 години, некаква рамноправност во присуството на оваа сала. Така би било упатно.Но воопшто штом се отвора таква тема која велам ни на Запад не е баш со огромна традиција и на Запад таа тема е присутна 20-30 години, не подолго. Ако веќе ја отвораме темата должни сме да побараме јасно да се произнесат и припадниците, еве кај нас од партиите кои ги застапуваат албанците. Добро би било да се каже и да се види како тие гледаат на тоа овде во пратеничките клупи да седат претставнички од нежниот пол. Околу тоа до сега нема никаква изјава никаде и тоа е страшно. Единсвено што јас слушам, но тоа

е во кулуари, а не официјално дека не доаѓа предвид, но тогаш пак многу тешко доаѓа предвид кај другите партии да се инсистира на некакви пропорции. Дајте работите сериозно да ги отвориме и со еднаков начин да ги унапредиме.

Јас би сакал и за други работи да говорам, околу изборниот закон околу финансирањето, но ќе го оставам тоа.

Околу кандидационата постапка во партиите напомнав дека таа нужно треба да биде транспарентна и тие амандмани од 1994 година, односно нивниот дух ќе ни вродат повторно, не ги гледам тука, не ги слушнав и порано како заложба. Овој пат ќе се воздржам од тоа да поднесувам амандмани, знаејќи дека повторно ќе произлезе голем фалш и во нашата домашна политика. Премногу власт е всадена на места кои не даваат отчет пред никого, а тоа не е во ред. Тоа го имате кај вас во партијата и вам ви е јасно, но и вие не можете да отворите уста, и вие сте должни да чекате. Само за потсетување, политичките партии спроведуваат кандидациони постапки каде што секој член на партијата може да се пријави и ако ги добие гласовите на тајно гласање, а за тоа се дава доказ до органот каде се поднесува кандидатура, тогаш ваши кандидатурата.

Уште еднаш ќе ве потсетам дека протестот на нашите сограѓани кои се тука во Собранието веќе шести месец, е голем. Има и дописи до Парламентот. Јас препорачувам ова како делоничка интервенција господине претседателе, ние да прекинеме, координаторите да им дадат одговор на тие лица и да се размисли како понатаму ќе постапиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитуван претставник на Влада,

Основно прашање е прашањето дали понудениот текст од Владата односно основното прашање во расправата по општиот претрес по Предлогот на текстот е дали одговара и нормативно овозможува фер и демократски избори, бидејќи овој Парламент едногласно и од целокупната политичка јавност во Република Македонија и вон парламентарните партии утврдија дека потреба од ново изборно законодавство, особено закон за избор на пратеници е неминовен. Тоа беше потврдено со гласањето. Бидејќи и претседателот на Собранието како овластен според Уставот за закажување на изборите во законскиот рок од 70 најкратко па до 90 дена, рокови од распишување до одржување на изборите и го соопшти во јавноста датумот на одржување на изборите, 15 септември, сметам дека во една расправа треба нормативно да го доградиме овој текст и да овозможиме норамативни услови како еден елемент од битните услови за извршување на фер и демократски избори.

Во целиот пакет на закони кој е пред нас, 15 или 16 закони, има еден битен елемент кој можеби е предност или недостаток во парламентарната расправа, што за сите овие закони претходно се водеа разговори, преговори, имаше согласност околу текстовите меѓу лидерите на политичките партии и претставниците, олеснувачи на меѓународните организации. Затоа во таа смисла текстот треба да го гледаме, кај сите закони, а посебно законот за избор на пратеници и од еден друг агол, од агол дали во овој текст е вградено се она што е договорено на таканаречените лидерски средби со олеснувачите.Јас би сакал да го изнесам мојот личен став и ставот на пратеничката група на СДСМ.

Текстот кој од Владата е предложен до Парламентот, во основа ги содржи битните елементи и во расправата во Парламентот и во работните тела и се она што се договараше на таканаречените лидерски средби, но во одреден дел има извесни недостатоци или однос на одредени договорени прашања кои не се внесени во овој текст. Затоа во општиот претрес јас би сакал да ги истакнам тие прашања како би мо-желе понатаму во расправата по текстот да се интервенира и амандмански.

Едно од прашањата кое на лидерските средби е договорено, а не е во текстот на предложениот закон, е, понуденото решение, претседателот на ДИК да биде именуван од страна на претседателот на државата, само од редот на врховните судии. Сметаме и тоа е договор на лидерската средба дека можноста на претседателот на државата да му се даде можност да бира од поширок круг на квалификувани кандидати, особено од судиите на Уставниот суд и истакнати правници е многу подобро решение за доаѓање до еден од многу битните елементи за спроведување на фер и демократски избори. Значи се работи за претседателот на ДИК. Во овој дел ние ќе поднесеме таков амандман, тоа е договорено на лидерската средба, од причини, уште еднаш би сакал да повторам, да му се даде поголема можност

на претседателот на државата да предложи лично претседател на ДИК што би било прифатливо од сите политички партии, парламентарни, вонпарламентарни, да влее доверба кај граѓаните, бирачите во Република Македонија. Тоа е првото прашање.

Второто прашање кое во овој текст на закон не е вграден а се вградени други решенија, а тоа е начинот на избор на претседателите на регионалните и општинските комисии. На лидерските средби беше договорено претседателите на регионалните комисии да бидат бирани од ДИК со 2/3 мнозинство. Таквото решение дава поголема можност во изборот на претседатели на регионалните и општинските изборни единици, како еден друг многу битен фактор за спроведување на изборите.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа го задржува таканаречениот понатамошен текст структура каскадно утврдување на другите органи. Тоа е општинската изборна комисија и избирачките одбори. И за ова прашање кое е договорено повторувам, ќе поднесеме амандман и бараме особено од претставниците пратениците на политичките партии потписници на Рамковниот договор, учесници на разговорите да го подржат ова решение, бидејќи во голем број на одредби во текстот на овој закон од страна на СДСМ не се во основа прифатливи, или нудиме подруги решенија. Но, врз основа на договорот ние истакнуваме дека тие решенија кои се предложени од Владата, а кои во основа ние не ги подржувавме, ќе ги подржиме во овој текст.

И едно многу битно прашање што предизвикува и најголем интерес и кај јавноста и кај пратениците особено што задира во онаа вечна тема на меѓуетничките односи, прашањето за употреба на јазиците на гласачките ливчиња. Би сакал да истакнам дека пред договорите, разговорите на лидерите по сите прашања се водеа разговори на експерти од политичките партии потписнички на Рамковниот договор. Од страна на претставниците на тие политички партии за употреба на јазиците беше определено одредено прифатливо ршение за поголем дел на политички партии, а.тоа е бидејќи ова Собрание го усвои Уставот на РМ особено амандманот пет на Уставот на РМ за употреба на јазиците во единиците на локалната самоуправа за службениот јазик за оние заедници кои се најмалку 20% беше договорено дека јазикот на гласачкото ливче не треба да биде предмет на законот за избор на пратеници. Тоа треба да се остави на ДИК врз основа на решенијата усвоени од овој парламент во амандманот пет за употреба на јазиците и на тој начин да се гласа, односно да се даде налог за штампање на гласачките ливчиња. Притоа почитувајќи и должна е ДИК да ги почитува решенијата во Уставот и другите позитивни прописи и закони кои пред овој закон ги усвоивме за употреба на јазиците на заедниците. И во единиците на локалната самоуправа и на државно ниво во сите сегменти во никој случај не влегувајќи во рестриктивно толкување, или намалување на правото. Сакам да истакмам правото на бирање и правото да бидеш биран и да бираш е едно од основните уставни права на сите демократски држави. Во никој случај не би требало да се оневозможи одреден бирач да добие можност, информации за кого би гласал и би го дал својот глас. Во таа смисла овие се решенијата кои беа договорени на лидерските средби на експертите на политичките партии кои не се градени во текстот на законот кој го добивме од Владата.

Сега основното прашање што би сакал да го отворам пред сите колеги пратеници и во јавноста, дали понудениот текст со ваквата надоградба која ја нудиме и која е договор на овозможува во РМ фер и демократски избори. Сметам дека овие решенија овозможуваат фер и демократски избори пред се од нормативен аспект, нормативно овозоможуваат фер и демократски избори. Но, за да имаме фер и демократски избори во РМ треба да има и нешто многу повеќе и најважно, тоа е политичката волја на сите учесници во изборните процеси, а особено многу е важна волјата за фер и демократски избори на носителите на власта, припадниците на Владата, самата Влада, сите институции, министерствата, бидејќи какво нормативно законодавство да донесеме. Во никој случај во РМ нема да имаме фер и демократски избори. А одредени сознанија кои се случуваат во ова предизборие не даваат цврсти докази во РМ дека ќе имаме фер и демократски избори. Би сакал сега да напоменам и сигурно и на крајот на мојата дискусија на РМ во овој момент на живеење повеќе од се и се потребни фер и демократски

избори, не само за меѓународната јавност, туку и за домашната јавност и за се она што значи понатамошен развиток и опстанок на РМ. Потребни се фер и демократски избори.

Накратко би се задржал и на решенијата со одредени кратки коментари во битните решенија во текстот на законот кои беа подржани во предлогот за донесување. Сметам дека моделот на шест изборни единици пропорционален изборен модел во еден изборен круг со приближен број на бирачи во секоја изборна единица од шесте, што значи даваат еднаков број на граѓани би гласале за еднаков мандат на пратеник, или за секој пратеник одговараат на овој степен на општествено економскиот развој на РМ. Овој модел води кон основната цел во РМ фер и демократски избори.

Другиот сегмент многу битен сегмент е изборните органи на кои имав одредени забелешки. Но, би се осврнал на делот на многу битниот. Имаме нова структура пред се во делот на највисокиот орган за спроведување, тоа е ДИК во која сметам дека пет судии од Уставниот суд се доволна гаранција дека највисокиот орган со најголем број на надлежности во спроведување на изборите имаат нормативна можност за спроведување, организирање, завршување и најважно утврдување и објавување на резултатите.

Прашањето за политизација, или неполитизација, учество на судството, мислам дека треба да се прилагодуваме на решенијата на демократските држави. Јасно е во РМ треба во иднина да имаме професионални органи за спроведување на избори. Но, во овој момент тоа не е можно и најдобро прифатливо решение и во овој изборен процес да учествуваат судиите. Решението судиите и во ДИК и во регионалните и во општинските да бидат предлагани од редот на политичките партии во позиција и во опозиција. На прв поглед изгледа дека доведува до целосна политизација и зависност на судството од законодавната власт. Но, ако го споредиме со досегашното решение и работењето на повеќепартискиот систем во основа нема разлика. Во претходниот закон судиите од Врховниот суд, или од основните судови беа на предлог на Комисијата, односно на ДИК, на Комисијата за избори и именувања. И во Комисијата за избори и именувања и досегашниот начин, па би сакал да го потсетам и господинот Бошков, тој ги правеше процентите и во овој состав и оваа комисија на Собранието со почетокот на своето работење врз основа на пратениците во овој законодавен дом направи процентуален распоред за во сите органи, управни одбори, разни комисии, разни совети. ВМРО-ДПМНЕ имаше најголем број на пратеници процентуално толку во зависност од бројот дали на одборот, или комисијата, или советот толку му припаѓа. Учеството на судиите или начинот на нивното делегирање мислам дека во основа не го менува дали политичките партии се инволвирани или не се инволвирани со ваквиот предложен начин. Сметам дека уште овој процес врз основа судството, независното судство ќе го даде својот придонес во својата задача во РМ да организираат фер, чесни избори и да ги доведе до крај. Има различни гледања, но од оваа говорница и од овој Парламент треба да побараме од судиите од највисокиот суд да го прифатат ваквиот начин и најчесно да ги спроведат изборните дејствија кои што се во нивна надлежност.

Многу битен друг дел што мислам дека во текстот на законот е добро решен начинот и битен начин, тоа е заштита на избирачкото право на подносителите на листите и заштита на избирачкото право на избирачите. Начинот на заштита на неправилностите, истакнување до регионалната изборна комисија и жалба до ДИК, односно до ДИК и до Врховниот суд сметаме дека е добро решение, а додека заштита на избирачкото право од граѓаните до регионалната изборна комисија и до Апелациониот суд е добро решение и решенијата во кој случај може да дојде до поништување во повреда на постаката, или на избирачкото право. Спорни беа решенијата околу учеството на полицијата, повикувањето на полицијата. Но, мислам дека се решени на пристоен начин. И доколку има политичка волја кај извршната власт, кај Министерството, добри се решенијата полицијата да ги обезбедува објектите врз основа да биде присутна. А, врз основа на одлука на избирачкиот одбор со мнозинство да интервенираат доколку има потреба и доколку не интервенираат тоа да претставува основ за поништување на тоа избирачко место. Не целосно инволвирање. Мораме да изградиме доверба за овие избори. И во тој дел би дал посебен апел до раководството, особено на министерот

за внатрешни работи во голем дел во овие изборни дејствија да настапува како министер на РМ, како претставник на државата, а многу помалку да настапува како претставник на политичка партија, затоа што тоа може нему и на партијата која ја претставува да му се удри од глава. Чисто беше и договор, не инсистираме, добро е и доблесно е од министерот за внатрешни работи дури овој договор да го испочитува самиот. Клучното прашање на кое ќе остане сомнеж со неговите настапи, со неговото изнесување во јавноста во двојна улога остава сомнеж за начинот на извршување и вклучување. Во неговата политичка активност никој не му пречи, но начинот на инволвирање на полицијата особено лавовите и другите специјални единици даваат одреден сомнеж дека на изборите ќе имаме одредени недоследности и злоупотреби. Тоа е најмалку потребно. Најмалку е потребно и од ова место, од оваа говорница го повикуваме министерот за внатрешни работи кој фронтмен му е на ВМРО-ДПМНЕ, барем така го претставуваат, сите акции, да ги даде во фер и демократски избори, во мирување нека ја стави, незнам Владата Не му ја прифаќа, но да изнајде одрдден начин и на македонската јавност и особено на вработените. Господа пратеници, на ваквиот начин, знаете ќе бидат ангажирани, 2.900 избирачки Места. Еден полицаец Не може да стои од седум до Седум навечдр. 2000, 3.000 и 3.000, 6.000 полицајци нека не се 6.000, најмалку се 5.000, бидејќи го обезбедуваат објектот. Затоа улогата на, во секоја демократска држава што сакаме улогата на министерот за внатрешни работи дури во одредени држави МВР ги организира изборите. Но, ваквиот начин на досегашното делување на министерот отвора голем сомнеж дека ќ имаме проблеми во тој дел.

Битен елемент е начинот на гласањето што треба на граѓаните да им се објасни и новините на начинот на гласањето. И во предлогот за донесување искажав, ваквиот начин на гласање не одговара на демократскиот степен на развој на демократските односи во РМ. Зборуваме дека е за африканските земји, за земји со недоволен развој на Д9мократските процеси. Но, она што Се случуваше на локалните избори, она што Се случуваше на претседателските избори целосно треба да Се подржи ваквиот начин на гласање и треба да објасниме, гласањето е со спреј, со претходно утврдување, но не е со отисоци, тоа е со потпис. Секој бирач, па целокупната постапка. Сметам Дека граѓаните ќе го прифатат овој начин на гласање и апелираме Дека за Некои граѓани сигурно тоа ќе претставува Непријатен чин да биде прскан со спреј, но во развој на Демократските процеси во иднина да биде прифатено и граѓаните ги повикувам и оние граѓани кои имаат одбојност на ваквиот начин да излезат и да го дадат својот глас.

Другото прашање е прашањето на решението на набљудувачите и во републиката и во политичките партии. Би сакал да истакнам, улогата на набљудувачите на странските набљудувачи и на домашните набљудувачи, здруженија на граѓани е голема. Но, доколку нема согласност меѓу политичките партии, набљудувачите не можат ништо да направат. Можат да набљудуваат, можат да укажуваат, но треба волја кај политичките партии, кај раководството на политичките партии за да створиме волја кај граѓаните и гласањето во 2002 година за избор на пратеници да го направиме еден свечен чин. Модел го овозможува тоа. Граѓаните бирачи во неделата кога Ќе биде гласањето на 15 септември да излезат да ја извршат својата граѓанска должност, да го дадат својот глас, тоа е свечен чин и обврска, од никого да не бидат вознемирувани, да не бидат пречекувани пред избирачките места, да не бидат присилувани, следени. И би завршил со тоа, иако имаме голем друг дел на прашања кои би требало да ги расчистиме, да им укажеме на граѓаните со тоа што на РМ потребни и се фер и Демократски избори. А на овој парламент, на оваа влада политичките партии тоа треба да им го овозможат на граѓаните на РМ, бидејќи тие заслужуваат да створиме потполни услови за да можат фер и демократски да гласаат за оној за кого сакаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, кога во 1990 година се донесе закон за избори на пратеници и одборници, тогаш многу не ми значеше тој закон, бидејќи претходно апсолутно и не се интересирав за политиката на гласањето, затоа што имаше еден систем, ќе гласа кој сака, или може да прати по друг абер да се гласа. Дојде законот за избор на пратеници во 1990 година кој имаше мнозински систем како изборен дел. Тогаш државата ја водеше

уставната партија Комунистичка партија на Македонија, која се прекрсти подоцна во ПДП. Меѓутоа, како партија на власт избра еден модел и ние по него добивме плурален парламент. Така беше во 1990 година, 1994 и сега во 1998 година, гласавме по таканаречен комбиниран систем, односно пропорционален за 85 пратеника и 35 пратеници, заправо мнозински за 85 и пропорционален за 35. По пропорционалниот дел имаше праг од 5% за да може да се учествува во поделба на мандатите. Сега со овој закон се предлага апсолутно пропорционален изборен систем поделен во шест изборни единици. Политички го подржувам. Дека имало потреба вака да се измени законот, да се обидеме да немаме повеќе кругови, туку со едно гласање да добиеме резултат од расположение на гласачкото тело на кого ќе му даде доверба во наредните 4 години да ја води државата. Мене лично не ми се допаѓа што нема праг, затоа што доаѓа до апсолутно големо растегнување на гласачкото тело и можност да нема кохезија во составот на Собранието, да е многу разединето, да има многу носители на функции пратеник и слично. Меѓутоа, решението и договорот помеѓу 4-те политички лидери кои одлучиле дека ќе го прифатат овој систем на гласање и дека ќе го надминат пречењето за учество во поделба на гласовите со заведување на принцип без праг, јас го прифаќам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Колеги пратеници воглавно го прифаќам текстот освен во оној дел каде се прави разлика помеѓу право на пратеници и закон за нивен избор. Тоа се однесува за функцијата неспоивост затоа што имаме закон, ова Собрание го избра тој закон и точно се предвидува дека функцијата не е споива со одреден.пратеник и одредени функции се неспоиви. Сега, дали со овој закон ќе влеземе во колиција со тој закон. Што ќе биде ако двата закони стапат на сила. Претседателот на државата ќе одлучи да го потпише указот за прогласување, ќе го потпише и овој закон со указ за прогласуваше и може да се случи истиот ден и истиот час. Ако имаме поинакви решенија дали ќе има колизија во правата на пратениците, бидејќи е ова процедурален дел, а таму се работи за материјален дел. Јас мислам дека тој дел , треба да смогнеме сили, од предлогот на законот да го составиме како решен дел. Овде да не навлегуваме во материјална последица.

По однос на телата кои ќе ги спроведат изборите, сметам дека решението е добро, само едно од приципиелна причина ни пречи учеството на судиите на Врховнито суд. Ке кажам зошто.

Врховниот суд на ⁚.РМ има едно тело - општа седница на која учествуваат сите судии на Врховниот суд. Овде има дел кога Врховниот суд ќе одлучува по одлуката на ДИК која ќе биде составена од судии на Врховниот суд. Вака како стои ќе бидат ангажирани најмалку шест, а бројот на судиите на Врховниот суд е 24. Замислете една четвртина од судиите неможат да учествуваат во решавање кога ќе дојде одлука за која треба да заземе став Врховниот суд на општа седница. Меѓутоа, до сега беше практикувана оваа работа судиите на Врховниот суд да учествуваат во одлучување по жалби, па би сакал да има решение за оваа работа. Врховниот суд неможе да расправа на општа седница. Тогаш ќе има смисла учеството на судиите на Врховниот суд да решаваат во посебна инстанца. Вака имаме едно недоречено овластување на судот и во крајна линија тие ќе можат да решаваат како судии во редовна постапка, а вака како судии учествувајќи на општа седница да се заклучи поинаку, а одлуките на судиите на општа седница се задолжителни за одлучување по одредени прашања кога е надлежен Врховниот суд.

Затоа мислам дека би требало амандмански да се делува во тој дел кога ке стане збор Врховниот суд на општа седница неможе да расправа за резултати од избори. Предлагам решението претседателот на ДИК да предлага проширување и на Уставниот суд. Дали при ангажирање на еден Врховен суд ќе треба да внесеме и друг кој ќе решава уа уставност, замислете ако можат да бидат и тие судии, а тие се девет, ако се направи избор во ДИК од нив да бидат четири и претседателот пет во тој случај Уставниот суд неможе да одлучува за уставноста на одредена работа. Тие судии неможат да одлучуваат по уставност на овој закон ако дојде пред нив да се решава. Значи, од еден принципиелен дел, од едно овластување , од една заштита на законите да не ги гибаме судиите на Уставниот суд во комисиите односно органите за спроведување на изборите во РМ.

Заложбата околу формата на гласачкото ливче по однос на двојазичност или повеќејазичност, јас лично сум уверен ,

бидејќи се работи за принцип на еднаковст на сите избирачи, бидејќи се работи за принцип на целосна територијалност, гласачкото ливче да го носи службениот јазик на РМ , тоа е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Мислам дека предлагачот имаше неодлучен чекор еднаш ни претстави закон и ни го предложи со дво или повеќејазичност за да подоцна со амандман пак интервенира повлекувајќи го тоа предло жено законско решение подоцна да се произнесе дека го повлекува амандманот. Право е на предлагачот да одлучува, меѓутоа ценам дека кај нагаата пратеничка група има прилично негативен став по тоа решение. Говорам за пратеничката група, не за пратениците. Ова треба студиозно да се разгледа, да не одиме со тоа или сега или никогаш.

Знаете што г-да , ние сакаме да имаме фер и демократски избори. Дали може едно гласачко ливче да предизвика револт? Да се смени една работа, да се смени една навика, да се релаксираат чувствата не треба, како што велат србите "грлом у јагоде", треба да се изживее да се изврти еден момент, да се изврти едно време, да се изврти една навика и затоа би бил за поинакво решение односно какво што беше со амандманот во законот.

Во останатиот дел при финансирање на изборите донациите односно подршка на одредени лица.

Колеги пратеници многу е интересно прашањето, се говори за донации од друг , па се заканува ќе имало перење на пари. Се прашувам дали можеме ние на некој кандидат да му ограничиме негово учество во организирање на сопствените избори, лично за него или е на листата. Тој што не е на листата разбирам да му се ограничи донацијата, мегутоа, тој што е на листа дали ќеможе да биде подвргнат на висината на финансирањето на изборот. Мислам дека такво ограничување неможе да направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Несомнено дека станува збор за многу важен закон, законот за избор на пратеници, претпоставувам во целиот период на усогласување сите учествуваа во овој процес, напорно работеа, секако почитувајќи и стручни мислења.

Мора веднаш на почетокот да се каже дека ваквиот пропорционален модел со шест изборни единици во РМ е апсолутно за поздравување, бидејќи самиот по себе носи неколку позитивни елементи Предноста е во тоа што тој оди во еден круг, значи гр немаме оној втор круг во кој обично се планираат разно разни тактики за да се надмудри или победи противникот што често пати дава многу негатицни ефекти.

Второ, ги штеди политичките партии од финансиски издатоци.

Трето, ги штеди нервите на граѓаните на крајот на краиштата ако сакаме, бидејќи изборниот циклус траеше предолго. Има поедноставеност, бидејќи заради отпаѓањето на вториот изборен круг и потоа можноста, за жал, често пати бевме сведоци некои избори да се провлекуваат скоро половина година, што ќе се согласите не е цел на еден изборен закон. На ваков начин сите елементи отпаѓаат. Се добиваат брзи резултати, во релативно кратко време резултатите се знаат и може да се пристапи кон конституирање на Парламентот На крајот ан краиштата целиот модел е поефтин и за самата држава, бидејќи се намалуваат трошоците претходно реков и на партиите, во овој случај и на државата, бидејќи отпаѓа оној втор фамозен круг.

Вака како што е конципиран од нормативно-правен аспект тоа го кажаа и колеги од правната свера и кои подобро се разбираат во изборните модели, тој овозможува фер и демократски избори што е навистина многу важен елемент во РМ што треба да биде запазен на наредните избори. Тоа е нормативно-правниот аспект, волјата која беше спомната навистина неможе да се стави во закон, тоа зависи од сите политички субјекти, зависи од граѓаните, зависи од учесниците во изборниот процес и на тоа треба постојано да се апелира.

Јас би спомнал еден елементи кој кај мене малку предизвикува дилема, тоа е професионализацијата на пратеничката функција. Јас знам дека тука се пошло од моментот дека Парламентот има постојани забелешки, дека не е ефективен, дека не е активен во работата, се согласувам со тоа, меѓутоа, не мислам дека само професионализацијата ригидно предвидена како овде е суштинскиот и пресуден елемент кој ќе ја подобри работата на Парламентот. Работата на Парламентот зависи од многу други околности, како што е Деловникот за работа, односот на политичките партии во Парламентот, пред јавноста, односот на секој поеднец на крајот

на краиштата како однос спрема јавноста со својата совест и култура на политичкото однесување.

Според она како е предложено во законот буквално добар дел од профасиите во :РМ не ќе можат да учествуваат во политиката, ќе бидат исклучени од политика.Законот предвидува таков ригидитет јас не сум убеден дека таков ригитет во однос на професионализацијата на пратеничката функција постои ширум Европа. Мислам дека има примери каде толеранцијата е многу поголема околу ова што кај нас се нуди.

Кога зборував за некои професии, мора да се спомнат лекарите, професорите на факултет, писателите, уметниците, спортистите. Во овој закон буквално им се брани на луѓето со овие професии да учествуваат во политиката и да бидат кандидати за пратеници и да бидат пратеници.

Мислам дека на таков начин политичкиотживот ќе биде осиромашен, со сета почит кон сите други професии, не сакам да бидам погрешно разбран, дека овие професии имаат некако приоритет, имам апсолутна почит кон сите професии, но мислам дека полтичкиот живот ќе биде осиромашен и од самите политичките партии а и овде во Парламентот. Дали можеби нема да се доведеме во ситуација во Парламентот овие луѓе да бидат исклучени па да се случи да имаме пратеници кои се невработени или евентуално пензионери. Ќе се согласите дека на таков начин сепак квалитетот на Парламентот ќе биде на некакво පониско ниво.

Дали на крајот на краиштата ваквиот ригиден систем на прфесионализација на пратеничката функција не се коси со правилото дека секој има право да бира и да биде биран. Во ваков случај добар дел од професиите во.РМ ги ставате во аут. Тие луѓе самите нема да сакаат да прифатат да бидат кандидати за пратеници на политичките партии.

Во доменот на здравството кај лекарите би спомнал уште еден ограничувачки фактор од овој аспект, бидејќи во Законот за здравствена заштита каде е предвидено лиценцирање буквално ќе го доведете лекарот во ситуација ако отседи 4 години во овој Парламент да неможе да си ја продолжи својата лиценца и доживотно ја загуби својата професија.

Мислам дека овие професии не се неспоиви со вршење на дејствување од политички аспект. Нема конфликт на интереси кај професорите на факултет, кај лекарите, уметниците, спортистите ако се бават со политика и бидат пратеници. Се согласува со одредбите од законот кој се однесуваат на извршните функции, на директорувањето, на управните одбори. Тоа апсолутно е добро решено во законот и тоа го подржувам, мегутоа, околу овој сегмент навистина имам дилема, се обидов да поразговарам со колеги од правната свера голем дел од пратениците тука се во дилема , јас се обидов да направам еден амандман, се согласувам дека оваа проблематика е тешка да се регулира во законот, се обидов со службите по консултација со правни експерти да направиме еден амандман, сеуште не е поделен, веројатно во наредниот период ќе биде доставен до сите нас, па можеби повторно ќе расправаме кога ќе дојде амандманска расправа.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само кратка забелешка затоа што бев спомнат во дискусијата на колегата Гештаковски. Појаснувањето оди во таа насока што во Комисијата за избори и именувања солидно соработувавме. Да биде јасно, за него е јасно, за мене е јасно, но да нема забуни околу тоа во таа Комисија за избори и именување пратеничките групи предлагаат претставници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници,

По серија неуспешни избори во .РМ , избори проследенк со многу немили настани, избори со полно сомнежи за нивната регуларност и објективност неминовно Македонија требаше да пристапи кон изготвување на една поконзистентна, попрецизна и меѓународно верифицирана изборна регулатива која ќе придонесе непосредно да имаме порегуларни избори, избори кои ќе дадат по легитимни изборни резултати и избори кои ќе бидат стожер за идниот демократски развој на земјата.

По кризната состојба во земјата, потпишувањето на Охридскиот Рамковен договор изборите се најсуштествен и позначаен настан во РМ. Дури би отишол чекор понатаму и би рекол

дека по суштинско прашање на Македонија во моментот нема.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

Во зависност од тоа какви избори ќе имеме, ќе зависи натамошниот демократски развој на општеството, но и развојот на економски, социјален, културен и било каков друг план. Евентуалното повторуваше на сликите и примерите од последните претседателски и локални избори неминовно Македонија ќе ја водат во несакан правец, нема да се оди во натамошно продлабочување на реформите, демократизацијата на општеството и ќе не одалечи од напорите за излез од економската криза, привлекување на странски инвестиции и сето тоа што е пропрадно. Значи многу битно, многу важно за судбината на земјата и на сите нејзини граѓани, без оглед на верската, националната, социјалната, културната и било која друга припадност, да имаме фер и демократски избори и избор на Влада и власт која на легитимни, фер и демократски избори ќе биде избрана.

За да се овозможи ова, неминовно е потребно да имаме регулатива која ќе има поддршка по можност максимална од сите политички партии, а особено од полилитички партии кои одлучуваат или го имаат мнозинството во Собранието. Оттука, мислам дека е добро што се пристапи на овој начин од Министерството за правда, откако беше расправано по Нацртот на законот, односно Предлогот за донесување ка законот, ги собра претставниците на повеќето политички партии, претставниците на меѓународните организации кои ги следат изборите како изборната регулатива од различни земји или земји во процес на развој на демократијата и се дојде до овој пакет на закони и овие решенија кои денес се пред нас.

Јас сум свесен дека самата регулатива и содржина на законите неможе да значи по автоматизам фер и демократски избори и случување на она што се избори во некои земји кои се далеку поразвиен и од нас, но тие се елементарен предуслов за да има фер и демократски избори во Република Македонија.

Затоа, мислам дека промените кои ги предлага Министерството за правда се корените и тие значат радикална промена на досегашната изборна регулатива, почнувајќи од изборниот модел па до останатите законски решенија кои и како резултат на промената на моделот, но и како искуство од минатите избори и укажувањата од разните меѓународни асоцијации и домашни субјекти ги има внесено во Законот.

Тука пред се сакам да ги истакнам новите во однос на она што значи изборен модел, новините во однос на тоа што значи професионално обавување на функцијата пратеник, што всушност беше желба и определба, иако на почетокот на помала група на луѓе претставени во Парламентот и политички партии, конечно функцијата пратеник да биде навистина достојно и навистина да биде пример и одлика на општеството. Се разбира, вклучувањето на пратеникот во обавувањето на други општествени, па и други дејности во земјата,неминовно влијае врз можноста професионално, чесно, без влијание од страна и до крај врз словото на Уставот, функцијата пратеник да биде неотповиклива и пра-теникот при своето'одлучување да не биде под никакво влијание. Тоа е можно или приближно е можно доколку таа функција се обавува професионално.

Новина, и тоа позитивна, исто така е и тоа што по прв пат ставаме законска определба иако таа законска определба можеше да биде попрецизна и подобра, што се обидуваме да ја поправиме структурата во однос на половите во претставувањето на граѓаните во претставничкиот дом.При расправата по предлогот за донесување на закон такви модели беа спомнати, но сеуште нема храброст кај политичките партии до крај и на попрецизен начин да биде регулирано ова прашање, но можеби како прва фаза за надминување на оваа многу лоша слика за структурата во однос на половите на Собранието на Република Македонија е еден чекор напред.

Најбитното, би рекол најсуштественото што беше потребно и предочено во минатото како потреба да се доизгради нашииот изборен систем беше токму пронаоѓањето и внесувањето на заштитнит механизми кои одат во прилог на заштитата на избирачкото право. На тој план имавме многу дефекти, сериозни забелешки и огромни проблеми на теренот. Мислам дека воведувањето на многу филтри и заштитни механизми на тој план неминовно ќе ја подобрат состојбата. Да речеме, воведувањето на потписот, одбележувањето на прстот, ултравиолетовата лампа за идентификација и спречување на повторно можно гласање на исто лице повеќепати, идентификацијата и спречувањето на можноста едно лице да

гласа за повеќе и тн., ќе одат во прилог на тоа да имаме навистина подобри фер и демократски избори.

На тој план, мислам дека воведувањето на одредбата објектите каде што ќе се изведува изборниот процес, а тоа се избирачките места, да бидат под непосредно набљудување и заштита на припадниците на МВР, може да биде би рекол меч со две острици, во смисла на тоа доколку припадниците на МВР бидат непристрасни и под влијание на политичкото водство на органот, тогаш може да се претвори во еден многу опасен механизам кој би можел да доведе до деформација. Но непристрасното однесување и држењето до правилото и словото на законот на припадниците кои го обезбедуваат редот и мирот во близина и на самото избирачко место, може да придонесе за намалување на екцесите, спласнување на тензиите и напната атмосфера која обично е придружна појава на процесот на изборите. Но и покрај тоа, мислам дека во одделни делови и учесниците во преговорите кај министерот за правда, но и кај претседателот на државата со присилство на меѓународните претставници не најдоа заеднички јазик и мислам дека решението кое се нуди ке е до крај прецизно и не е добро во однос на изборот на претседател на Државната изборна комисија и претседатели на другите органи надлежни за спроведување на изборите. Ќе беше многу поприфатливо, по фер и коректно правилото кое важи за изборот на членовите на органите да важи и при определувањето односно назначувањето на претседателите на органите, се разбира, со исклучок за претседателот на ДИК кој е само еден и преку претседателот мислам дека е добра варијанта, но во секој случај не ограничувајќи се само на Врховниот суд, туку проширувајќи ја палетата на можност за избор и од останатит органи и надвор од нив. Мислам дека повеќето пратеници кои досега се изјаснија, нивните размислувања одат во тој правец и мислам дека тука можеби има простор да се договориме и решение да се најде на тој план Доколку нема подготвеност за паритетно претставување во однос на прет седателите на останатите органи, тогаш барем начинот на избор на прет седател на регионалната општинска изборна комисија и избирачките места да се воведе клаузулата односно механизмот на одлучувањ со двотре-тинско мнозинство во органите кои ги избираат тие носители.

Исто така, еден друг институт кој меѓу другото ги регулира правилата во текот на кампањата, што мислам дека не е најдобро решение, е прашањето на испитувањето на јавното мислење и објавувањето на резултатите од јавното мислење во текот на кампањата. Од повеќе земји сум имал можност да ги прочитам правилата на игра, односно изборната регулатива, со денот на отпочнувањето на изборната кампања во тие земји, се забранува лицитација односно честопати морам да кажам штимувани анкети, кои одат во прилог на создавање на расположението кај граѓаните во корист или на штета на одредена политичка партија.

Затоа, мислам дека решението пет дена пред денот на изборите како можност за извршување на овие анкети и објавувањето на резултатите од нив може да биде штетно во однос на објективноста и определбата на граѓаните. Предизборната кампања и пропаганда ќе биде можност за секој субјект во рамките на политичките ресурси и можностите кои ги има да се претстави пред граѓаните а не по пат на штимуваки анкети кои божем претставуваат независно изнесување на вистинското расположение на граганите, да се создава претстава за степенот на довербата во одредени политички субјекти кај граѓаните.

Мислам дека меѓу овие прашања,во делот на казнените мерки, освен она што е всушност на кривчното право односно одредба на кривичниот закон на Република Македонија, другите одредби кои се однесуваат на прашањето на водење на кампањата, прекршуваење на правилата и други прашања се недоволно силни односно не се доволно загрозувачки и предупредувачки кон прекршителите на тие правила и со една казна од 20 илјади, 50 илјади денари, длабоко сум убеден дека нема да се постигне целта и нема да бидат попречени сите девијации кои во минатото сме ги имале.

Во однос на ова прашање законодавецот, односно Собранието мора да има постриктна и поригорозна казнена политика, за да може и на тој не само превентивен туку и репресивен план да се делува и да не се повторуваат слабостите од минатото.

Конечно, да завршам со едно прашање кое беше тука истакнато Тоа е прашањето на употребата на јазикот. Прашање за кое мислам дека непотребно се крева прашина и доколку се има малку објективен однос кон Уставот, односно кон амандманот V на Уставот, воопшто не терба

да има дилеми како треба, зошто треба и дали воопшто треба ова прашање да биде вака или онака регулирано. Тоа прашање е решено таму , предлагачот само треба да го препише, како што беше случајот и со останатите закони кои досега ги донесовме. Тука нема многу потреба од полемизирање, филозофија или продлабочување на идеите за тоа до до каде треба, дали само во насловот неможе, во содржината може и тн. Амандманот V го регулира тоа прашање и согласно тоа треба да се поведе законодавецот и такво решение треба да има во однос на изгледот и употребата на јазикот на гласачкото ливче.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас би сакал накратко да се обратам до Парламентот по повод овој закон, бидејќи учествував во работната група при Министерството за правда кога на почетокот ги разгледувавме моделите. Тогаш навистина имаше неколку различни модели. Треба да бидеме свесни дека драстично го менуваме моделот, од мнозинсти систем во 85 изборни единици и една единица со пропорционален систем со 35 пратеници како во досегашниот систем, со два круга на гласање, во систем кој што навистина потполно се разликува од моменталниот изборен систем во Македонија. Притоа, имаше неколку дилеми. Имаше дилема кај одреден број пртеници или експерти кои припаѓаат на албанските партии, кои предлагаа една изборна единица. Потоа, колегите од СДСМ предлагаа 8 изборни единици. ВМРО-ДПМНЕ предлагаше шест изборни единици со поддеднаков број на пратеници. На наше огромно задоволство политичарите, члeновите на СДСМ, тогаш го прифатија нашиот дел со шест изборни единици со поддеднаков број на пратеници, односно 20 пратеници од секој изборен регион и со тоа беше направен еден голем чекор напред за да се дојде до договор.

Дел од работите кои во текот на ова поднесување на Предлогот на законот за избор на пратеници беа присутни во јавноста,со дел од тие залагања исто така и јас бев присутен, каде беше и моето залагање да нема предизборно коалицирање. Сепак на крајот поголем број на политички субјехсти во Република Какедонија и во опозција и во Влада одлучија да се дозволи предизборно коалицирање. Јас лично сеуште сметам дека поголема заштита на демократијата односно на граѓаните, а не на политичарите кои се договараат да настапат во коалција, ќе беше доколку законот стриктно бараше да има настапување самостојно на избори, меѓутоа, бидејќи немаше политичка атмосфера за текво нешто, се остана на решението да може да се вклучуваат предизборни коалиции од разни политички субјекти. Меѓутоа, исто така ние во ВМРО-ДПМНЕ се залагавме, а гледам дека и другите политички партии исто така прифатија, тоа е да нема изборен праг, бидејќи се работи за пропорционален систем. Постојат различни системи однсно подсистеми во светот, кога се работи за пропорционалниот систем, каде што изборниот праг оди од 3% па дури до 7%, некаде е некако различен во смисла дали партијата настапила сама или во коалиција, ако настапила во коалција изборниот праг е поголем, ако настапила сама помал и тн. Овде се за-лагавме да нема изборен праг. Поголем број на помали политички партии во Република Македонија постојано го истакнуваат проблемот дека неможат да дојдат до можност да имаат пратеник во Собранието на РМ, затоа што тежок бил прагот. На овој начин им се дава можност, сами или во коалиција бидејќи Донтовиот метод, како што спомнав еднаш порано, има природен праг во зависност од излегувањето на граѓаните на гласаање, доколку излезат 70%, природниот праг е околу 5% од излезените гласачи, така што приордниот праг повторно постои и тој неможе да се отстрани бидејќи е последица на самата природа на Донтовиот метод, меѓутоа, повторно во зависност од излегувањето на граѓаните на избори можно е некоја партија или некоја коалиција која што во одреден регио! би освоила 8,5 - 9 илјади гласови да се надева, и кога би имало 70% излез на граѓаните дека ќе освои едно пратеничко место. Тоа се некаквр математички пресметки кои се последица на природата на Донтовиот метод.

Сакам да се задржам уште на две три работи. За прв пат на овие избори исто така се употребува спреј.Имаше жолчни дебати во однос на тоа дали тоа е демократски или недемократски, дали тоа е спуштање, градација, односно деградација на демократијата во Република Македонија.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**: (продолжение)

Не би сакал да ги предизвикам истите полемики, да се повторуваме, меѓутоа сметам дека на некој начин употребата на спрејот, сепак ќе овозможи по фер избори во смисла да нема можност некој

во Република Македонија по два пати да гласа.

Многу често, додека се донесуваше законот, се истакнуваше дилемата претежно колегите од СДСМ, гледам дека сега имаат и амандмани псц несено по однос на тоа прашање, по однос на судиите кои ќе бидат вклучени во работата на Државната изборна комисија. Значи, дилемата која што се наметнуваше од страна на колегите од СДСМ беше и судии од Устав ниот суд треба да учествуваат, да им дасдеме можност да учествуваат вс ДИК, во телата што ке ги спроведуваат изборите.

Нашиот став, како ВМРО-ДПМНЕ беше дека Уставниот суд, сепак, е институција која работи со сосема друга проблематика. Највисока судска инстанца е Врховниот суд на Република Македонија. Тие го спроведуваат правото. Меѓутоа, Уставниот суд кој е составен од членови кои имаат сосема друга проблематика, тие ги оценуваат уставноста на законите или некои подзаконски акти, правилници итн. Што значи, тоа е нашиот основен аргумент дека нема потреба да се вклучуваат тие судии во изборниот процес. Поточно, мислам дека во поголем број или во најго лем број на земји каде што се спроведуваат фер и демократски избори, највисока светска инстанца по тие земји не е Уставниот суд, туку е Врховниот суд кој одлучува и во однос на резултатите на изборите.

Јас имам толку. Ке се произнесам по одредени амандмани кога ќе дојдат на ред, а во глобала го подржувам овој закон.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Етеми Фатмир.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Пред нас денеска на дневен ред е целокупното изборно законодаввство, почнувајќи од Зак.онот за избор на пратеници, Законот за избирачки списоци и Законот за изборни единици.

Од времето на повеќепартизмот односно од 1990 година до денесв Собранието на РМ, предложи и го измени неколку пати целокупното избор но законодавство. Така што 1990-1994 година, ние имавме на сила мнозински систем за избор на пратеници,а 1998 година, имавме избор на пратеници по пат на комбиниран систем каде што 35 пратнеици се избрани според пропорционалнот модел, а 85 пратеници со мнозинскиот модел.

И првиот и вториот пат, со овие два модели имаше доста недосле ности. 1990 година недостатоците на тој изборен модел беа покрупни, како што изборните единици имаа различни гласови. Така што, на пример 1990 година изборна единица во Тетово броеше 18000 гласачи, или во Источна Македонија 5000 гласачи. А 1998 година, *со* комбинираниот модел, разликата меѓу гласачите, бројот на гласачите во изборните единици се намали. Но, сепак, сеуште постоеше мала разлика. Освен разликата на бројот на гласачите, како шроблематични беа и избирачките легитимации што го проблематизираа целиот изборен процес. Добро е што со новиот Предлог закон се укинуваат изборните легитимации и се воведуваат обележување на прст или палец со спреј и ултравиолетовата лампа.

Мислам дека новиот закон е попрецкзен и поквалитетен, спореден со претходните закони. Добро е што и овој закон беше предвиден во Рамковниот договор каде се јсогласија сите четири најголеми парламентарни партии да пристапат кон измена на целокупното изборно законодавство. Иако мислам дека за големите партии, може би овој систем не одговара, туку за големите партии, како што е ВРМО и ДПА, најмногу од говара мнозинскиот ситем во еден круг. Но, за општо добро ние се согласивме да пристапиме кон измена на изборното законодавство. Сигурно дека основниот дел на изборното законодавство е изборнот модел. Предложениот модел од страна на Владата со шест изборни едници, приближно со ист број на гласачи во изборните едници е далекупоправеден од старите закони, бидјеќи овозможува приближно совпаѓање на процентот на освоените мандати со процентот на добиените гласови. Со ова, секој глас има еднаква вредност.

Сепак, мислам дека најбитно е да имаме политичка волја за фер и демократски избори, за почитување на желбата на граѓаните, да им овозможиме слободно да гласаат, да нема насилства и изборите да бидат со еден збор, свечен чин.

Со законот се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на пратеници. Тука се наведени и органите што ќе ги спроведуваат изборите; ДИК, Регионална изборна комисија, Избирачки одбори, односно општинската Изборна комисија. Но, мислам дека треба да посветиме внимание ние на усовршување на овие органи што ќе ги спроведуваат изборите. Посебно внимание треба да се

посвети и на едукација на населението ка! да гласа, начинот и техниката на гласањето. Бидејќи во 1996 година или 2000 година, на пример локалните избори или 1998 година имаше многу неважечки ливчиња. Затоа треба медиумите да посветат внимание и да има специјални програми за едукација и начин на едуцирање на населението како ќе гласа.

Иако и овој изборен систем не е совршен, меѓутоа мислам дека е порационален, попрецизен и поприфатлив. Така што овозможува навистина да дојде до израз до вистинската волја на граѓаните.

Добро е, што изборните единици се креирани со ист број на гласачи, територијални целини на општините, што не беше случај во претходните избори. На пример 1990 година таа разлика беше огромна. Така што тежината на гласот во овие изборни единици приближно е иста и се трансформира по праведно во пратенички мандат.

Господо пратеници, во парламентарните демократии, како што знаете, се применуваат неколку модели.Мнозинскиот, ние тоа го поминавме, двапати имавме избори, комбинираниот, исто така имавме и пропорционале Досега не практикувавме за парламентарни избори туку практикувавме на локални избори 1996 и 20 00 година. Експертите на нашите партии се согласија да предложат систем, пропорционален со шест изборни единици со

врзани листи. Тоа значи дека кандидатите што го сочинуваат врвот на листата имаат поголеми шанси во однос на кандидатите на крајот од листата. Тие листи можат да бидат и неврзани, така што избирачите можат да го менуваат редоследот на кандидатите. Така што избирачите, освен за партијата ја изразуваат и својата преференција кон поодделни кандидати.Сигурно дека овој систем потешко може да помине кај нас, бидејќи има мдоста технички проблеми и степенот на политичката зрелост, можебр тоа не го дозволува.

Во досегашната пракса на изборите во Европа претежно доминирааа четири облици на примена на пропорционалниот систем.Систем на изборен корисник, Донт-овиот систем, Баденскиот и Херолскиот систем. Ние, фактички Владата се одлучи за Донто-виот систем. Овие системи имаат свои предности и недостатоци. Но, Донто-виот систем е попознат за нас, бидејќи реков, имавме два пати локални избори со овој систем.Бројот на гласовите на секоја изборна листа се дели со реден број 1, 2, 3 итн., додека да се добијат 20 пратеници, кои добиле најмногу гласови.

Но, недостаток на овој систем е дека не се земаат предвид гласовите што не влегуваат во највисокиот количник. Односно, тие гласови ги губат неповратно.

Како предности на овој систем се смета дека гласот се вреднува исто односно вистинито го изразува расположението на избирачкото тело. Овој систем овозможува претставување на помали политички партии, односно ги поддржува општите интереси. Но и овој систем има свои недостатоци. Го зајакнува претставувањето на партиите, а го слабее претставувањето на избирачите.

Со овој систем во парламентот се воведуваат голем број политички партии, што парламентот го прави неефикасен и објективно води кон лабави коалициони Влади.

Многу теоретичари и научници се про или контра овој систем, но мислам дека за Македонија во дадениот момент, одговара овој систем и овозможува фер и демократски избори.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор Черкезов Миланчо.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, не го гледам претставникот односно министерот за правда да го слушне моето искажување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, службите да го повикаат министерот да влезе во салата

Повелете господине.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Се јавувам во улога на известител на матичната комисија на Собранието на РМ, односно Комисијата за политички систме.

Овој проект, како што е познато, го гледаме во една редовна процедура. Моето искажување и задоволство е дека во првата фаза Комисијата за политички систем даде квалитетен придонес во расправата и сите оние укажувања што ги имаше на својата седница, на задоволство на мчленовите на Комисијата, беа пркфатени и се имплементирани во овој проект што го имаме во втора фаза. Во втората фаза, Комисијата исто така конструктивно пријде на овој проект и задоволството од сите пртставници на политичките парт кои партиципираат во комисијата е дека ги кажаа своите укажувања, своите мислења,

своите ставови, на своите партии и низ една конструктивна расправа сакам во денешното свое излагање да ги изнесам забелешките на членовите на Комисијата што се поместени во извештајот од Комисијат Сакам да напомнам дека техничките укажувања преточени во амандм ни, претставникот на Владата г-динот Хиџет Мемети ги прифати, за да се подобри текстот на овој законски проект. Меѓутоа, останува констатацијата дека одредени укажувања на членови на Комисијата не беа прифатени и во оваа мое искажување, како известител на Комисијата, сакам да ги искажам на парламентарнава седница.

Имено, едно од укажувањата беше дека во овој законски проект стои дека изборите се завршени, откако ќе бидат избрани сите 120 пратенци, што подразбира дека после тоа може да се изврши конституирање на Парламентот на Собранието на Република Македонија.

Гледајќи ги искуствата од минатото каде имавме во одредени изборни единици пролонгирање на изборите, стои впечатокот дека е можно да не постигнеме на овие избори, во една завршна фаза,откако ќе бидат распишани изборите, избор на 120 пратеници, што подразбира дека не може да се конституира Собрание на Република Македонија во еден оптимален временски период.

Моменталната состојба на Парламентот на Република Македонија е таа дека функционираме со 119 пратеници, а не со 120 пратеници. Многу од колегите и на јавноста не и е познато дека сеуште еден пратеник не е избран во Собранието на РМ, иако се ближиме кон крајот на нашиот мандат. Постои стравување, што ако ни се случи да имаме пролонгирано изјаснуваље на граѓаните во една изборна единица, а познато е дека имаме 6 изборни единици со по 20 пратеници. Во тој случај се блокира можноста да се конституира Собранието на РМ. Значи, мора да се направат усилби и да се има желба да се надмине таквата пат позиција, да не дојдеме во ситуација да се создаде можност да не се конституира Собранието на Република Македонија.

Во тој контекст беа поднесени амаднмани за пленарнава седница, во која што мислам дека ќе се најде разбирање од почитуваните колеги во Собраниево, а исто така и од претставникот на Валдата да се пропише во овој изборен проект, дали може да се конституира Собранието со две третини од веќе избраните пратеници на овие избори кои следат или евентуално, со веќе 100 избрани пратеници. Бидејќи во минатото и со 119 пратеници како што сега имаме состојба, се конституира Собранието. Меѓутоа, сега се врзани изборите во изборните единици со 2 0 пратеници. Ако на едно изборно место имаме неизјаснување на граѓаните на РМ, постои можност по системот на врзани садови, или врзани избирачки места, да немаме избор на 20 пратеници. Во тој случај се блокира можноста за конституирање на Собранието на РМ.

Второ, забелешка е дека овие избори ги обезбедува полицијата и некаде слушнавме и претходно,во дискусиите на почитуваните колеги, вклучени се некаде над 6.000 полицајци. Моментално, нивниот статус во овие избори не е дефиниран, и стои впечатокот дека треба преку изјаснување на оваа пленарна седница, а поднесен е амандман во име на Комисијата од одреден член ка Комисијата да се изјанде можност да се вгради во делот каде што се регулира можноста за избор на одредени структури што не се во можност на денот на гласањето да се јават, така и полицајците да се најде можност да го дадат своето мислење на овие избори и да бидат вклучени, бидејќи 6.000 лица е близу едно пратеничко место.

Третата забелешка е по однос на медиумите. Констатација е дека овие избори ќе ги следи целокупниот арсенал новинари од нашата држава и од меѓународната заедница. Меѓутоа,, овде сакам да потенцирам за нашите новинари кои нема да бидат вклучени во изборите на своите изборни места, туку ќе бидат на некое избирачко место на некој дел од територијата на Република Македонија. Со оваа правна рамка на овој закон не е регулирано дали тие своето изјаснувње можат да го дадат на овие избори.

Тоа се трите забелешки од страна на Комисијата што не се преточени во амандмани. Мојата заложба како известител е да се има разбираше од претставникот на Владата на Република Македонија и од почитуваните колеги, најсериозно да се пристапи кон изнаоѓање можност да се вградат овие три забелешки

**МИЛНЧО ЧЕРКЕЗОВ**: (продолжение)

И едно мое лично укажување. Еве дојдовме во ситуација да го имплеметираме Рамковиот договор, преку овие законски проекти, меѓутоа останува впечатокот за одговорноста на четирите партии кои се потписници на Рамковниот договор. Во оваа ситуација би ги замолил и би апелирал до координаторите на четирите пратенички групи, кои

партиципираа во потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид да се запрашаат, еве и изгласуваме законите а што станува со киднапираните граѓани и со мирот во Македонија.

Значи, во тој контекс пред да се изјасниме за овие проекти би било пожлно да седнат на една заедничка средба четирите координатори кои се потписници на Рамковниот договор во Охрид и да се запрашаат што стана со киднапираните граѓани на РМ, за кои до ден денес не е решена нивната судбина, а исто така и за мирот и безбедноста, за кои секојдневно слушаме во медиумите дека е нарушен во Република Македонија.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа пратеници,

Јас сум свесен дека сме доведени во ситуација да за едно многу суштествен закон, како што се изборниот закон и пакетот за избори да разговараме во состојба кога имаме предлог на закон кој што е импониран и од потребата да се спремаат што подемократски избори, а за жал и од меѓународниот фактор кој што мислам дека беше принуден да биде укључен и во овој закон, иако не се работи за закон кој што ги тангира меѓуетничките односи, туку се работи за закон кој што ги тангира и од кого зависат демократските процеси во Република Македонија.

Тезата дека во Македонија, сепак, демократијата не е во здрава состојба и фактот што за тој закон требаше да се договориме пред меѓународните фактори, затоа што како таков е еден од најбитните стлобови и фундамент од кој што произлегуваат основите на плуралнат демократија. Тоа значи слободен и таен глас. Мислам дека нашето блиско минато покажа дека малку обрнувавме внимание на фундаментите на ова ново општество, значи слободен и таен глас, па не случајно доаѓавме до состојби кога ни се вплеткаа состојбите и кога, навистина, незнаевме што да правиме со самите себе си. Затоа што има многу системи врз кои што се базираат многу вредности и многу вредности од кои што произлегуваат системите, па така плуралната демократија, како единствен механизам врз кој што може да се создаде здрава демократија, нормално дека го има слободниот и таен глас.

Секое негово извитоперување, секој притисок, секое неадекватно спроведување на овој постулат, аксиоматски постулат, мислам дека не само Македонија, туку секоја земја ќе ја доведе во состојба на криза, како институционална, па после тоа и вонинституционална.

После потпишувањето и адаптирање на амандманите од Уставот на РМ, мислам дека потребата за спроведувањето на фер и демократски избори е уште поголема, затоа што според амандманите, и според потребата на самото мултиетничко општество на Р. Македоија се создадоа услови каде што слободниот и таен глас е и треба да биде механизам за меѓуетничка релаксација на односите и хармонизација на интересите на заедниците. Мислам дека не треба да се заборави ова, затоа што ние, во демократскиот систем, нема централни комитети, нема комесари, нема други механизми со кои што можат да се сопрат самоволието и аутархичноста во еден систем. Единствени механизми со кои што можат да се сопрат овие елементи, нормално е дека е слободен и таен глас, што значи фер и демократски избори. Затоа тоа добива во тежина и не може да биде изоставено и не може да не биде предмет на наша подлабока и посуштествена анализа, без разлика што ние сме доведени во ситуација да дискутираме на овој начин, т. е. на брз начин.

Има уште една друга работа што е многу важна за слободен и таен глас, што произлегува од фактот дека не само што легитимитетот произлегува од таквиот начин на спроведување на избори, туку ние, како регион нормално е дека сме под опсервација поради многуте негативни елементи. Тоа е корупцијата. Господо, јас ќе ви кажам дека од граѓански аспект сфатена корупцијата, да знаете дека корупцијата почнува од полењето на кутиите. Тука е првиот чекор кон корумптивната власт.

Затоа мислам дека треба не само да донесеме добар закон, туку треба да спроведеме и добри избори, затоа што тие две работи се врзани. Значи, не случајно земајќи ги овие два аспекти, меѓународните фактори, Меѓународната заедница, со сите свои инструменти ги следи овие процеси и ги гледа во РМ, и многу нешта и за иднината на РМ, и во однос на тие заедници ќе бидат проценети после изборите. Значи за степенот и начинот на демократичноста во текот на спроведувањето на изборите. Не случајно и Советот на Европа и ОБСЕ, како два

клучни фактори во спроведувањето и подготвувањето на амбиентот за избори, не само во Македнија, туку и во цела Европа, мислам дека со своите ангажирања, со своите документи и Резолуции и со својот персонал што го имаат тука, не случајно се концентрирани врз овој момент за кој што треба да се подготвиме сите ние, а и Меѓунродната заедница, затоа што сите сакаме утре, тој Парламент што ке произлезе да биде легитимен и нормално да функционира на начин како што се предвидува во сите демократски заедници. Јас мислам, не сакам да зборувам за структурата на самиот закон, туку сакам да напомнам нешто, за што зборуваа и колегите околу можните други солуции. Сакам да се концентрирам само на два елементи.

Прво, туку гледам некои амандмани, за кои не сакам поединечно да зборува, туку како појава мислам дека неприфатливо е да имаме амандмани од потписници на Договорот и од тие што беа на округлиот стол и во експертската екипа кога се донесуваше крајната верзија на законот. Јас знам од тие состаноци дека е договорено и со меѓународниот фактор дека тоа што ќе биде договорено на ниво на таа маса и на ниво на Владата, треба да биде крајно решение. Затоа мислам дека треба одговорните сегменти во овој Парламент, кои осеќаат одговорност за донесувањето на овој закон мислам дека треба да имаат во впредвид дека секое решение кое е вон она што сме се договориле на тие експертски состаноци со помош на меѓународните претставници мислам дека е единствено и крајно решение за одредените решенија, кои што за жал се предлгаат и од членови чии што лидери учествуваат во преговорите. Не зборувам за тие што не беа во таа маса туку за тие што превземаат таква одговорност.

Другата работа е нешто структурално во законот. Принципиелно гледам еден амандман со кој се предлага Парламентот да има 125 пратеници. Не сакам да зборувам за амандманот, туку сакам да обрнам внимание и на следното.

Ние и како партија и како албански блок предложивме изборен модел со една изборна единица во цела РМ. Тоа создаваше можност за претставување на сите заедници кои се изнад прагот за кој мислиме дека треба да бидеме и со тоа се согласуваме со таа можност и во рамките на тие 125 пратеници да ги има и тие заедници кои ја красат таа мултиетничност во РМ. Но, не бевме ние тие кои тоа го прифативме затоа мислам дека ние ќе гласаме против овој закон, не затоа што не сакаме тие претставници да бидат тука, туку затоа што другите не прифатија модел со кој ќе им беше овозможен во една изборна единица да бидат тука заедно со нас во овој Парламент на РМ.

Друго, се работи за изборните единици, кои се поделени на шест. Мислам дека тоа не е идеална поделба затоа што не е во функција на поефикасна и порационална развојна филозофија и претставување на интереси на самата заедница. Јас ќе ви кажам само еден пример. Во изборната единица бр. 5, каде што е Струга, Битола, Охрид, Кичево и каде што не е Дебар. Секој знае дека тие претеници без разлика од која партиска група се, без разлика од која етничка заедница се, тие имаат сепак заеднички интерес да се борат за заеднички нешта во таа регија. Вака мислам дека не ќе биде доволно искажан заедничкиот регионален интерес ако селата на Кичево го бранат својот интерес во Теарце, или ја преставуваат својата програма за Осломеј во Теарце, или во другите места каде што немаат некој регионален интерес, или Дебар каде што секогаш бил во регионот на Охрид или на тоа ниво, така да мислам дека би можело да се најде друг начин или друга формула на искажување и на етничката структура во однос на единиците, но и во однос на регионалниот развоен интерес. Тоа ќе беше тогаш кога единиците пак ќе беа шест, но поинаку конципирани и да претставуваат соодветен број на гласачи. Не мораше секоја единица да има 20 гласачи. Можеше да биде соодветно поделена со соодветна група на гласачи, па така мислам дека ќе ја постгневме и другата цел, не само еден глас еден граѓанин, туку и адекватно претставување на регионалните интереси во однос на другите проблеми, не само на етнички проблеми. Но сега тоа е што е, компромис и можеби во иднина ќе се најде начин и овие недостатоци да се надополнуваат дека идните избори ќе бидат демократски, ќе бидат фер и во функција на деморкатската стабилност на РМ. Нормално, јас ќе го поддржам овој закон, а не амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Законот како закон вака како

што е предложен може да се каже Дека е добар во рамките на политичкиот договор помеѓу релевантните политички партии или нивните лидери, така што тука зависат многу прашања кои претходно политички Се моделираат за да можат да се преточат во закон, така што во рамките на главните црти односно договорот помеѓу лидерите на политичките партии мислам Дека законот технички и професиоално е добро подготвен. Меѓутоа, кај нас не значи да Се има добар закон Дека ќе има добри избори. Може да Се случи обратното, така што тоа е наша слабост и балканска, а посебно овој дел а и држава Македонија тука.

Кога спомнувам договор, практично воведуваме тотално пропорционален модел на изборите. Тој модел си има свои предности и слабости, како и Секој друг модел, затоа што воопшто во изборите тешко дека Ќе најде Некој идеален модел, изборен модел, но мислам Дека може да Се изнајде Некој поприменлив или Некој помалку применлив. Ние Сега фактички го воведуваме пропорционалниот модел. Позитивната страна на овој модел е тоа што фактички Се ефектуираат сите гласови што Се даваат од страна на граѓаните, а Се елиминира можноста како слабост на мнозинскиот систем кога има можност повторно во вториот круг Некој да оди можеби со 5% гласови, или помалку, почитувајќи ја процедурата, Значи, тука Се ефектуира тотално, зависи од каков модел Се врши пресметувањето на гласовите, фактички ако не постои прагот значи сто поото се ефектуираат дадените гласови.

Потоа се користи само една рунда, што значи многу поефтини и многу поедноставни избори. Не дава можност за дополнителни манипулации. Ние имаме лоша изборна пракса, така што најмногу манипулации и проблеми се прават во вториот круг.така што изгледа со овој модел Се сведуваат на минимум тие можни манипулации.

Потоа, позитивно е што овој модел е рефлекс на сите односи во државата, било социјални, било етнички, било културни и тн. Значи Се Рефлектираат интересите, Се презентираат интересите на граѓаните од било кој слој, од било која социјална заедница, од било која етничка заедница, од било културна заедница, и тн. Важно е Дека сепак граѓаните гласаа за една централна програма. Тоа е централната програма на партијата, што е многу поважно и многу порелевантно отколку програма на поединец, кој излегува со сопствена програма во некоја изборна единица и тоа нема некое големо значење и Нема големи можности да се спроведува таа програма во споредба на тоа што гарантира еден субјект, политичка партија, барем по претпоставка Дека Се работи за одговорна политичка партија надвор од нашите стандарди ветувања кои ги даваме ние тука.

Но, слабостан а овој систем затоа што тешко граѓаните дека имаат личност со кој ќе комуницираат, на кој ќе се обатат, така што тие гласаат за политичка партија, Не гласаат за поединец, не гласаат за личност, така што оваа слабост која постои може да се елиминира. Ние имавме такви предлози, и јас имав со една колумна во Дневник, потоа во едно здружение на граѓани изнесов таква идеа, тоа беше да се воведе системот и моделот на отворени листи со преференционален модел, што значеше дека граѓаните со оглед на тоа што ќе им се овозможи едукација ќе можат да вршат сопствено рангирање на луѓето со што ќе се изведе можноста некои луѓе, врвни, челници на партии кои се стално заштитени затоа што се први, втори или трети обично тие поминуваат иако се често носители на сите слабости во државата, па дури и организираниот криминал се толерира од нив.

Но, сега е важно, ние сме во процес на Евроатланска интеграција, иако тој процес ќе биде макотрпен, ние сме врзани, иако се уште не е стапен на сила, со Спогодбата за асоцијација и стабилизација и најверојатно од тоа произлегуваат бројни обврски, така што ако интегративните процеси почнат да се развиваат со демократски односи тогаш како прв столб на демократските односи се изборите. На жалост ние на Балканот сега сме последна земја која знае да одржава одговорни избори, слободни и фер и демократски избори, ние сме далеку под Бугарија, ние сме далеку под Руминија, ние сме далеку дури и од Албанија, па и од Косово. Фактички ние докажуваме дека спаѓаме меѓу најризичните земји на светот за одржување на избори, кога на жалост имавме и жртви. Значи, се докажува дека ние сме многу талентирани да ги прекршуваме законите, да не ги почитуваме законите и тоа најмногу ме плаши. И овој пат иако имаме добар закон тоа не е гаранција дека ќе имаме добри избори, затоа што таму каде што имате

одговорни луѓе можете и со лоши закони да имате добри избори и обратно.

Што треба да се направи за да се елиминира оваа состојба не само во однос на изборите туку како рефлекс на севкупната состојба на државата што ја имаме, економска беда со можност прогресивно ако се развие да ги доведеме луѓето до хаос, мислам дека многу што треба да се смени.

Првото што треба да се смени е да дојдеме до легитимни институции. За да се дојде до легитимни институции мора да се дојде до легитимни избори, праведни избори, фер и демократски избори.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**:(Продолжение)

Потоа.не треба да се промени законот, туку треба да се промени нашата свест и совест, затоа што резонирањето, треба нешто да се смени во нашите глави тука и да се отфрли размислувањето или помислата дека ако не сме ни9, таму е потоп или апокалипса и т.н. Не смееме да помислиме дека ние стално мора да бидеме Некаде или ако не, се ќе биде црно или Ќе пропадне.

Мора да сватиме дека фер и дмократски избори се потребни во интерес на сите граѓани, па дури и за тие кои ќе ги изгубат изборите, гледано долгорочно. Така што ова наше лошо искуство во однос н аорганизирање на изборите, тешко ги платија граѓаните и со економија и со социјала. Можно е и треба да се ангажираат стручни луѓе и ексггерти и тоа е најважна причина што може да ги добиете изборите, меутоа бидјеки се распрашувате што ќе правите до тие избори, после не знаете да се снаоѓате. Лесно да ги добиете изборите, меѓутоа тешко е да функционира валста и да покажува позитивни резултати, прогресивни резултати.

Мислам дека овој пат ако не направиме добри чекори, посебно во процесот на спроведување на изборите, мислам дека сите колективно ќе завршиме во Пекол.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Вејсели Абдулади.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ви благодарам г-дине претседателе.

Почитувани дами и господо пратеници,

Денеска, навистина расправаме за еден многу битен и важен закон за сите нас, за сите граѓани на Република Македонија поради тоа што се работи за еден закон што произлегува од политичкито договор, дијалог помеѓу четирите политички апртии со посретство на Меѓународната заедница ЕУ и САД за да иаме или да донесеме еден закон што минимално ќе ги даде основите за фер и демократски избори во РМ. Или, поточно да се каже, да се донесе регулатива што ќе донесе фер и демократски избори. Сето тоа е направено поради лошото искуство што го имавме на минатите избори, било да беа локални или претседателски и други избори каде во прв ред или до израз дојде насилството и фалсификување на изборите. Затоа, после една криза во РМ и после тој компромис помеѓу двете страни и изнаоѓање и потпишување на едне рамковен договор, во склоп на тој Рамковен договор беше да се направат обиди, барем од четирите најголеми политички апатии кои беа претставени или потписници на тој договор, да најдат решение што ќе придонесе за една друга клима, една атмосфера, што , барем, ќе ни даде фер и демократски избори.

Во Собраниево гледам дека има разни амандмани со кои што се сака да се навлезе во суштината на самиот закон, поточно речено растурање на законот. Меѓутоа, немам никакви забелешки на политичките апртии што немаа можност да се вклучат во тој процес, во тој дијалог, било кај претседателто Трајковски и во другите институции, меѓутоа, навистина, си земам за право да кажам тука во ова Собрание како можат политичките партии кои што се потписници на Рамковниот договор да инсистираат на амандмани што навистина ќе наштетат на самиот закон.

Законот, иако беше во прва фаза во Собраниска процедура, каде имаа можност сите комисии, главните комисии како што се ЗПК и Комисијата за политички систем и сите забелешки и предлози што се дадени од страна на пратениците, меѓутоа, овој закон произлегува, има основ во еден меѓународен договор, потпишан во Охрид.

Второ, според овој закон се приклучени и меѓународни институции како што се ОБСЕ, ОДИР и незнам многу други експерти од Европската Унија , САД. Во многуте разговори, договори, преговори, состаноци што ги имавме кај Претседателот на државата, претставниците или лидерит ена политичките апртиикаде беа присутни и олеснувачите, дојдовме до ова законско решение каде што дава можност во РМ да имаме фер и демократски избори и да се избере легитимно собрание што ќе има капацитет да се справи со сите проблеми што постојат во РМ.

Во Законот има една радикална промена што може да се каже, иако ние како ПДП инсистиравме од почеток да имаме промена, измена на моделот, да одиме со чист пропорционален, но со една изборна единица во РМ, меѓутоа другите тоа го назначија како многу голема радикална промена. Затоа отидовме на пропорционален систем со 6 изборни единици, каде има консензус помеѓу четирите најголеми политички партии што учествуваа во тие разговори. Така што, со оваа промена, со промена на моделот се создаваат услови да не се повторуваат сценаријата што ги имавме на претходните избори, било парламентарни, локални или претседателски, најмалку за да им овозможиме на граѓаните тоа да биде еден свечен чин каде ќе можат да одат да го даваат својот глас за партијата или опцијата за која што тие размислуваат. За партија или опција што мислат граѓаните дека Ќе може да се справи со сите проблеми и политички и економски и социјални што постојат во РМ. Сето тао е регулирано во Законот, постапката како може да се гласа и т.н.

Затоа, тука би нагласил уште еднаш дека е неприфатливо и за мене сите амандмани што се даваат во текот на седницата за промена на членовите и содржината на самиот закон. Иако сите сме сведоци дека, навистиа, овој закон дава многу голем придонес од сите кои учествуваа, како внатрешен и надворешен фактор, навистина се зеде искуството од многуте земји, западноевроспките земји само за да имаме избори што навистина ќе личата на избори и ќе бидат прилагодини кон стандардите на цивилизираните земји во Европа и пошироко.

Што се однесува до самиот закон, околу професионалноста на пратениците, тоа е подржано. Го подржуваме и ние. Понатаму, иако гледам дека има пратеници кои имаат дадено амандмани за овој дел, поради тоа што е прифатливо за нас и за мене лично, професионалноста и добро е што Не е споено со сите други јавни и други функции, поради тоа што тогаш ќе бидеме по активни во самото Собрание и ќе можеме по слободно и по конструктивно да ги промовираме и заштитиме интересите на нашите гласачи во ова законодавно тело.

Второ, што е многу битно во овој закон е тоа што првпат во историјата на Македонија тука ќе бидат застапени и понежниот пол, каде што 30% да бидат застапени двата пола, што значи од понежниот пол ќе бидат застапени 30%, што ќе значи дек аодиме кон рамноправност помеѓу половите во РМ , која требаше да биде од поодамна, но ние сега овој состав на Собранието преку овој закон, ќе имовозможиме за да бидат и тие активно вклучени во политичкиот живот, за да можат да го даддат сопствениот придонес околу тоа што значи политика и во сите сфери на животот.

Мислам дека не е до тоа само да се донесе регулатива, како што донесуваме ние денес закон за избор на пратеници и сметам дека тоа не е доволно за на денот на изборите да имаме фер и демократски избори. Затоа, сите треба заеднички да се залагаме, да ја почитуваме оваа регулатива коај што ќе ја донесеме денес. Дека ништо не ни гарантира ако денес го донесеме овој закон, кој мислам дека Собранието со мнозинство гласови ќе годонесе, ако ова не го спроведуваме на денот на изборите да имаме нелегитимна власт коај нема капацитет да се справи со проблемите кои постојат внатре во РМ. Сметам , дека сето тоа што ние ќе го донесеме туак во Собрание, сите политички партии кои ќе бидат конкурентни во наредните апрламентарни избори, ќе треба да го почитуваат тоа и навистина од гласот на граѓаните , да излезе власта која навистина ќе има легитимитет и легалитет и ќе знае да се справи со сите проблеми во сите сфери на животот.

Затоа, ние како политичка партија инсистиравме уште од поодамна, инсистираме и денес за да имаме голем број на набљудувачи во изборните Места, тоа да биде еден свечен чин секој да си оди без употреба на насилство, без употреба на други недемократски средства, за да дојде до навистина фер и демократски избори. Меѓутоа, тука имам голем страв и тој страв не е само кај мене , тоа е можеби и кај мнозинството. Припадниците на Министерството за внатрешни работи што Ќе бидат одалечени од самите изборни Места, но Ќе бидат присутни. Дали тие Ќе одиграат една констуктивна улога , имајки ги предвид досегашните Дејствија на Министерството за внатрешни работи. Мислам, Д9ка тука ќе треба да бидеме по внимателни. Навистина МВР да биде институција коај Ќе ги брани и Ќе ги заштити интересите на сопствените граѓани, без разлика граѓанинот или гласачот за која опција Ќе гласа во овие наредни избори.

На крајот сакам да кажам Дека околу јазикот кој Веќе Се проблематизира од одредени пратеници , мислам Дека во Законот многу добро и опширно е кажано во која смисла треба да Се употреби , тоа е амандманот 5 од Уставот на РМ. На крај, сакам на сите тие пратеници кои се спротивставуваат на ова решение, кое е и законско ррешение, кое е дел од законот, мислам дкеа во РМ по Рамковниот договор и по реформите на Уставот во РМ има два службени јазици. Тоа е македонскиот јазик и албанскито јазик.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бајрам Амди

(Не е тука)

Господин Спанаков Ристо.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

би сакал по овој предлог на закон за избор на пратеици во Собранието на РМ да истакнам неколку работи, при што, прво , би кажал дека она за што се залагав од порано со една од моите дискусии, сега се преточува во законски проект, а тоа е дека изборите во РМ треба да бидат спроведувани според изборен модел, кој што ќе овозможува брзо и ефикасно завршување на изборниот процес. Тоа го овозможува овој закон за избор на пратеници според пропорционалниот изборен модел во едн круг, што ќе овозможи многу поберзо воспоставување на една институција во системот на РМ.

Законто за избор на пратеници, според мене, што е поднесен со сите овие дилеми кои се јавуваат околу него, кои ќе бидат расчистени тука , тука на собраниската седница, мислам дека ќе биде донесен и ајс ќе гласам за него. Но, би истакнал некои работи што сметам дека произлегуваат како потреба да се кажат, а тоа е следното.

Имено, би сакал да кажам дека на сите состаноци каде што сум учествувал на разговори, дискусии и т.н. и со учество на меѓународни субјекти, секогаш сум укажувал на фактот дека во РМ постојат и други малцинства во тоа време, кои релативно се многу на број и процентуално учествуваат во животот на РМ некаде со околу 10%. Фактот што се овозможи формриање на политички партии кои што се, за жал, морам да кажам некогаш чисто национални. Имаше формирање на такви политички партии и понатаму во РМ, така што сега после прифаќањето на уставните амандмани на РМ, со кои што дел од тие малцинства беа наречени делови од народ кои живеат на територијата на РМ , се формираат повеќе политички апартии, кои понатаму со вака предложениот изборен модел тешко ќе можат да учествуваат на изборите и да добијат пратеници од сопствените редови.

Имено, останатите малциснки заедници вкупно бројат некаде околу 300 илјади граѓани во РМ и учествуваат со околу 10% во вкупното население на РМ. А, нивното пак поединечно учество е од некад9 01%, па некаде до 3, до 4%. Е, сега, така формирани политички апртии по таа основа Се повеќе на број. Јас би спомнал само Некои , според терминот кој Сега се употребува во Уставот на РМ, тоа се таканаречени малциснки заедници односно заедници, при што има формирано пвоеќе политички партии по таа основа. Да ги споменеме Партијата на Власите, Сојузот на Балканските Египќани, Странка на Демократска Акција, Демократски а Муслиманска Партија, Обединета партија на Роми, Демократски Сојуз на Срби, Турска Демократска Партија и т.н., да не ги читам понатаму ги има многу. Тие , според овој изборен модел, на 6 изборни единици, доколку учествуваат самостојно на изборите, тешко дека Ќе можат да најдат место во Собранието на РМ. Тие, поради тоа се навистина малцински заедници во однос на македонската и албанската, ако веќе земеме да ги крстиме како такви мнозинскив о тој дел. И, како такви, со предложенито изборен модел , доколку во него Не се вградат извесни корективи, немаат скоро никакви шанси во изборниот модел и во изборнито натпревар , самостојно преку своите политички партии да обезбедат учество во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, сега би го спомнал и шестиот амандман на Уставот на Република Македонија, кој што е впрочем токму и затоа донесен. На овие граѓани кои Што припаѓаат на таквите заедници да им овозможи соодветна и правична застапеност во органите на државната власт,законодавна, извршна и судска, ако во тоа се однесува за Собранието , тоа значи во законто за избор на пратеници да се вградат можеби посебни изборни правила или модел , преку кои што навистина ќе може да се дојде до правична застапеност на истите заедници. Меѓутоа, не преку клучеви и други работи кои

што се заговараат, туку исклучиво преку изборен модел. Би кажал само следново, шестиот амандман претставува уставна обврска за внесување на механизми за правичност во избирачкото право односно во законот за избор на пратеници. Со вакви механизми на правичност, всушност, се псотигнува и еднаквост на избирачкото право. Имено, за да биде избирачкото право еднакво во ситуација на нееднакви субјекти, мораме да кажеме, а тоа се по однос на заедниците, како што ги кажав претходно, мора да се пропишуваат и правила на нееднаквост односно не еднакви правила за нееднакви субјекти. Од друга страна , тоа значи сега можеби треба да се спроведе изборен модел, кој што ќе овозможи за дел од овие малцински заедници, да кажеме , пропорционален изборен модел, при што би биле правично и соодветно застапени во Собранието на Република Македонија.

**РИСТО СПАНАКОВ**: (Продолжение)

Јас би дал сосема мал пример како тоа би изгледало да се оди со два изборни модела.

Едниот изборен модел да биде пропорционален, со шест изборни единици, со избор на по 19 пратеници од секоја изборна единица, а другиот изборен модел да биде шест пратеници или согласно со одлука избрани, по принцип на една изборна единица за овие заедници, без изборни прагови.

На овој начин, секоја заедница, иако јас не сакам да го употребувам тој термин заедница, меѓутоа, овде како што е наметнато во Уставот на Република Македонија, мораме така да дискутираме. Би се натпреварувала со себе еднаквите, а во рамките на натпреварот, ќе иам толку членови во Собранието на Република Македонија, колку што тое е соодветно по пропорционално на процентуално учество на заедницата во вкупното население. Тоа значи дека им се дава на некој начин адекватна можност со избори да бидат вклучени во Собранието на Република Македонија, а не како што се предлага тука по клуч, или по некој друг принцип на однесување.

На тој начин би се овозможило таквите заедници да учествуваат во работата на Собранието на Република Македонија. Бидејќи оптимално е некаде во Собранието да бидат присутни околу 120 пратеника, прашање е дали би требало да се оди со дополнување на тој број пратеници во Собранието на Република Македонија, или во склопот на тој број од 120 пратеници треба да се најде можност со другиот модел на одлучување да се овозможи учество и на таквите малцински заедници.

Само на тој начин, јас мислам дека ќе се обезбеди уставната норма за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои што припаѓаат на сите заедниц во Република Македонија во Собранието на Република Македонија.

Тоа би сакал да го кажам накратко по тоа прашање, а во исто време по овој закон за избор на пратеници, сакам да кажам дека сериозно треба да се разгледува и членот 37 кој што се предлага, во предложената листа на кандидати да биде 30% од предложените кандидати, припадници на понежниот пол, меѓутоа, јас истовремено сметам дека треба да му се даде малку повеќе внимание и важност и на помладите граѓани на оваа држава и затоа сметам дека во таквата предложена листа на кандидати, треба да бидат вклопени 30% од предложените кандидати да бидат помлади од 30 години, со следното образложение. Имено, за оваа работа Пратеничката група на Нова Демократија ќе поднесе и амандман, при што сметаме дека треба на помладите луѓе да им се даде шанса, членови на политички партии, кои што ќе учествуваат на изборите, рамноправно да учествуваата во политичкиот живот на Македонија.

На тој начин ќе се овозможи поголем аранжман на младите луѓе во политичките партии, а со тоа, во секој случај во Парламентот ќе се добие ентузиазам, енергија и квалитет.

Младите луѓе, притоа, мора да бидат директно креатори на својата иднина и тоа, на кој друг начин, ако не преку сопствените размислувања, при донесување на голем број закони во Собранието на Република Македонија.

Од друга страна, неправедно е во Парламентот да учествуваат жените во предложените листи со 30%, а младите на кои што паѓа најголемиот товар во секоја изборна кампања да бидат оставени да се изборат самите во рамките на сопствената хартија, а тоа знаеме фактички, дека скоро е невозможно.

Затоа, сметам дека принципот на правичност треба и тука да биде застапен во однос на младите категории и затоа Нова Демократија ќе се залага и ќе предложи таков амандман

со кој што ќе предложи на предложените листи на кандидати, предложените кандидати да бидат барем 30% застапени категории помлади од 30 години.

Понатаму, и за членот 63, веројатно, ќе поднесеме амандмани, во кои што се смета дека цената 150 денари по запишан избирач е несоответна на она што треба да се добие, но тоа ќе го преточиме во амандмани, за кои што ќе дозволиме ова Собрание да расправа во амандманската расправа.

Јас повторно ќе кажам дека ние како политичка партија ќе го поддржиме овој Предлог на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, онака како што Собранието ќе предложи со прифаќање на амандманите или не, ние ќе го поддржиме во целост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега ќе прекинеме со работа, ќе продолжиме утре во 12,00 часот.

Има шест пријавени дискутанти, пријавете се да имаме претстава, како да се организираме.

(Седницата прекина со работа во 18,40 часот).